**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт за историја на уметност и археологија**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Тема:**

# БРЊИЧКАТА ГРУПА И НЕЈЗИНИТЕ КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ




Ментор: Кандидат:

проф. д-р Драги Митревски Сањи Ислами


Скопје, 2025

**Содржина**


1.ВОВЕД....4

1.1. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ....6

2. СТЕПЕН НА ИСТРАЖЕНОСТ НА БРОНЗЕНОТО ВРЕМЕ И НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ВО ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН....7

3. БРЊИЧКА КУЛТУРНА ГРУПА....11

3.1. Географија и распространетост....13

3.2. Хронолошки развој....15

3.3. Локалитети од брњичката култура....18

3.4. Некрополи....21

3.4.1 Некрополи во Косово....21

3.4.2 Некрополи во Македонија....27

3.4.3 Некрополи во Србија....32

3.5. Населби....33

3.5.1 Населби во Косово....35

3.5.2.Населби во Македонија....36

3.5.3. Населби во Србија....38

4. ТИПОЛОГИЈА И ХРОНОЛОГИЈА НА СИТНИТЕ НАОДИ....39

4.1 Керамика....40

4.2 Накит....45

4.3 Оружје....46

4.4. Алатки....48

5.ОДНОСОТ НА БРЊИЧКАТА КУЛТУРА СО ДРУГИТЕ КУЛТУРИ....49

5.1. Брњичката културна група во однос на Параќинската група....51

5.2. Брњичката културна група во однос на Белегиш групата....51

5.3.Брњичката културна група во однос на Повардарската (Уланци) група ..................51

6. ДАРДАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КАКО НОСИТЕЛИ НА БРЊИЧКАТА КУЛТУРА .54

7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..........................................................................59

8. ТАБЛИ ...................................................................................................62

9. БИБЛИОГРАФИЈА .....................................................................................77

# 1. ВОВЕД

Со крајот на бронзеното и почетокот на железното време со пропаста на големите бронзенодопски цивилизации предизвикана од големите миграции, во некои региони се случиле одредени културни и етнички промени. Оттука и територијата на Македонија не била поштедена од различни културни влијанија. И покрај тоа што постојат материјални докази за продирања на различни културни манифестации однадвор во Македонија, тие не се во целост образложени поради недоволната истраженост, особено на населбите од доцното бронзено време. Веќе се знае дека доцното бронзено време во Македонија претставува една специфична манифестација на појава и ширење на микенските влијанија и културни елементи на север, со мошне изразени локални карактеристики во рамките на добро препознатливата Уланци групата. Во овој период во Косово ќе се појават првите влијанија од микенскиот свет, како во Игларево така и пошироко кон север низ реката Морава.

Развојот на Уланци групата бил прекинат кон крајот на XII или на самиот почеток на XI век пред н.е., што е посведочено со неколкуте последователни бранови на миграции од север кон југ, што претставувале главна причина за нејзиниот крај. Сите овие појави биле проследени со вистински деструкции, со појавата на нови предмети, дотогаш непознати во материјалната култура. Сево ова е евидентно во стратиграфијата на населбата Столот, близу Уланци, како и на локалитетот Манастир кај Чашка, каде животот бил прекинат од пожар и никогаш потоа не бил возобновен.[1] Овие појави од север, освен во материјалната култура оставиле траги и во духовната култура. Така, за првпат во овој регион (долините на реките Морава и Вардар) се користи кремирањето како нов начин на погребување. Во комплексната бронзено-железна балканска култура, овој начин на погребување, заедно со новите елементи во керамографијата, во археолошката литература ќе биде познато како Брњичка културна група.

Истражените или делумно истражените локалитети (како населби така и некрополи) од преодниот период не само во Р. Северна Македонија туку и пошироко на Балканот можеби не се многу на број, но даваат одговори на бројните прашања што се однесуваат на

[1] Митревски Д. 1997, 38

културниот, на социјалниот, или, пак на економскиот живот на носителите на брњичката култура, но и општо за оваа културна група. Овој степен на истраженост отвора и многу нови прашања, на кои одговор можат да дадат само идните археолошки истражувања.

Од 2011 до 2019 бев дел од екипата на Археолошкиот институт на Косово, при што направивме многу археолошки истражувања од сите периоди, а особено од праисторијата. Така директно се соочив со материјалот од оваа култура. Работејќи во Косово со д-р Шафи Гаши и проф. д-р Адем Бунгури (Албанија), двајцата праисторичари, и имајќи го предвид моето теренско и кабинетско искуство со археолошките наоди, особено керамиката, познавањето на територијата од каде се проширила оваа културна група, и односите што ги имам со археолозите од Косово и од Албанија, ми се чинеше разумно да ја изработам оваа тема.

Сакам да му се заблагодарам на професор Драги Митревски за помошта што ми ја укажа во изработката на темата, како и на археолозите од Косово, Кемајл Луци, Шафи Гаши и на многу други археолози од Археолошки институт на Косово и од Музејот на Косово, кои со своите публикации, информации и несебичност ми помогнаа што подобро да ја изработам оваа тема.

## 1.1 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Целите и задачите на ова истражувањето е да се сумираат сите досега познати сознанија за брњичката култура и да се добие целосна слика за нејзините културно-историски вредности. Сето тоа треба да се постигне преку анализа на карактерот и простирањето на познатите археолошки наоѓалишта (населби и некрополи), како и преку анализа на сите движни археолошки наоди откриени во нив како: керамика, накит, оружје, алатки и слично.

Во текот на изработката на темата, ќе се следи комплетниот територијален, хронолошки и типолошки развиток на сите појави до нивното поврзување со првите пишани извори, што ни ги откриваат Дарданците како носители на таа култура. Особено внимание ќе посветиме на релациите на брњичката култура со другите, пред сè соседни региони и културни групи, користејќи ги досега публикуваните материјали, но и непознати и сè уште непубликувани наоди што се наоѓаат во различни музеи.

Првата цел што е поставена во изработката на трудот е да се добие што е можно појасна слика за условите и механизмите на формирање на Брњичката културна група, развитокот и распространетоста.

Втората цел е да се претставaт и да се анализираат населбите и некрополите од преодниот период, што се третираат како локалитети од Брњичката културна група, за појасно и попрецизно определување на сликата за формирањето на карактерот и белезите на оваа културна група.

Третата цел ни е со компаративни методи да направиме анализи и аналогии на археолошкиот материјалот пронајден во локалитетите на ова култура ширум Балканот.

И на крај ќе наведеме неколку тези во врска со носителите на оваа културна група, поточно Дарданците како носители на Брњичката културна група.

## 2. СТЕПЕН НА ИСТРАЖЕНОСТ НА БРОНЗЕНОТО ВРЕМЕ И НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ВО ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН

Кога зборуваме за бронзеното и за железното време на Балканот, мора да имаме предвид дека не секаде низ Балканот се случувале исти историски и културни настани. Различни региони биле под различни влијанија. Но, без разлика во кој дел на Балканот зборуваме, бронзенодопската култура се развила од енеолитски супстрат, се разбира со влијанија однадвор. Овие влијанија се многу позабележливи во текот на доцното бронзено време. За да не ја шириме многу темата, ние во ова поглавје ќе обрнеме внимание на досега истражените локалитети од бронзеното и од железното време во Македонија, во Косово и во Србија. Веќе се знае дека првите археолошки ископување во овој регион се случиле по Првата светска војна. Но по Втората светска војна, со отворање на првите институции за културно наследство, археологијата ќе стане многу значајна наука за проучувањето на историјата на Балканот.

Во Македонија бронзениот период е доста истражен, особено населбите, за разлика од некрополите од овој период, каде сè уште немаме откриено ниту една некропола од бронзеното време. Бронзеното време се развивало низ три основни етапи: рано, средно и доцно бронзено време. Развиток на бронзеното време на територијата на Македонија не е во целост истовремен со оние во другите делови на Балканот. Токму поради специфичната географија и изложеноста на силни влијанија, некогаш од север, а некогаш од југ, одделни фази од бронзената доба на Македонија траат значително пократко, или побрзо се надминуваат[2], а некои од нив остават белези и во развитокот на железното време во Македонија.

Извесно е дека некаде околу средината на третиот милениум пред Христа веќе биле востановени новите културни вредности на раното бронзено време. Тие биле иницирани со новите влијанија од север, најмногу од Чернавода III и Бубањ Хум II, но и со прифаќањето на елементи од југоисток, од условно кажано тракомакедонскиот свет на раното бронзено време. На тој начин било создадено широко културно единство што доаѓа до целосен израз со формирањето на новиот, т.н. балканско-долноподунавски комплекс на

[2] Митревски Д., 2013, 166.

раното бронзено време.[3] За разлика од раното бронзено време, период каде влијанијата дошле од север, некаде во текот на XIV век пред Христа кога во Македонија се среќаваат нови културни појави, чие извориште е во Егејскиот басен. Тие се последица на влијанијата од југ, поточно на првите контакти со микенскиот свет. Со тоа, бил јасно одбележан почетокот на доцното бронзено време во Македонија.[4] Доцниот бронзеновременски развиток во Македонија не траел многу, бил насилно прекинат со низата деструкции во рамките на т.н. втор бран на егејски преселби, поточно со навлегувањето на подунавскоцентрално-балканските заедници по моравско-вардарскиот пат, кон Егеј. Степенот на истраженост на бронзеното време во Македонија е релативно висок. Долината на реката Вардар е најистражувана, за разлика од источниот и од западниот дел на Македонија. Во текот на 90-тите години на дваесеттиот век, по долината на Вардар за првпат беа откриени и истражувани неколку наоѓалишта, главно некрополи од доцното бронзено време. Првооткриена и најистражена меѓу нив е некрополата на локалитетот Димов Гроб – Уланци кај Градско.[5] Во долината на Среден Вардар, во атарот на село Уланци кај Градско, систематски е ископувана некропола со гробови – цисти од камени плочи. Досега се откриени вкупно 125 гроба, што значи дека оваа била добро организирана некропола, што била во употреба во текот на XIII и на XII век пред Христа.[6] Други познати локалитети во долината на реката Вардар се: Манастир Чашка – Велес, Водовратски Пат, Вардарски Рид, и многу други. Во Скопско-кумановскиот регион познати се неколку локалитети од праисторијата – бронзеното време, како: Скопска Тврдина, Врањак – Маркова Сушица. Во тумуларната некропола од раното железно време во Стрновац – Куманово, откриени се појави и керамика карактеристична за повардарската култура на Уланци од крајот на бронзеното време,[7] што значи влијанија од оваа културна група се појавија и кон север.

Железното време е најистражениот праисториски период на територијата на Република Северна Македонија. Иако се многубројни наоѓалиштата и наодите од железното време во Македонија, истражувањето на населбите сè уште е во почетна фаза,

---

[3] Garašanin M., 1983, 463; Митревски Д., 2013,172
[4] Исто. 172
[5] Исто. 170
[6] Митревски Д., 1997, 38
[7] Митревски Д., 2013, 171

бидејќи остатоците од железно временските населби најчесто се наоѓаат под античките културни слоеви од поголемите антички населби, како на Исар – Марвинци, Вардарски Рид – Гевгелија, Глоска Чука – Грчиште и Охридската тврдина, и многу други локалитети.[8] Ако ја имаме предвид географијата на Македонија, повеќето од овие антички населби се во Повардарието. Тоа не значи дека во другите делови на Македонија немаме вакви населби, но како најзначајни се населбите низ течението на реката Вардар.

Бронзениот период во Косово со своите три фази, ран, среден и доцен период, се поврзува со културните групи Бубањ-Хум, и Археменори – рано бронзено време, Малиќ, и Медијанска група – среден и доцен период.[9] Бронзеното време во Косово се развиваше од енеолитски супстрат, но секако и со нови туѓи елементи дојдени од странство. Во археолошката литература има многу познати локалитети од бронзеното време, и тоа: Глarево, Карагач, Доња Брњица и многу други, што биле истражени во време на Југославија. По основањето на Археолошкиот институт на Косово (2002), биле откриени и многу други нови локалитети како: Кориша, Влашње, Хисар, Тица и др.

Железнодопската култура во Косово почнува да се следи и да се проучува од почетокот на 60-тите години на минатиот век. Целокупната археолошка дејност на Косово започна по формирањето на Музејот на Косово, во 1949 година. Во 1953 година биле извршени првите систематски ископувања на тумуларната некропола кај Широко – Призрен, во периодот 1955 – 1962 година во Карагач, во периодот 1962 – 1963 во Хисар – Сува Река, во 1969 во ридот на Црница. Од 2014 Археолошкиот институт на Косово врши систематски археолошки ископувања.[10] На многу археолошки ископувања од бронзеното – железното време, авторот на овој труд бил дел од екипата, како во: Тица 2012, 2013, Труда 2013, Вучак 2017 – 2019, Улпијана 2018, Добратин 2021 и др. За сите овие локалитети ќе зборуваме подолу кога ќе ги опишуваме локалитетите од Брњичката културна група.

За бронзеното и за железното време во Србија, ќе обратиме внимание само на Поморавјето, затоа што во овој дел на Србија се развила Брњичката културна група. Кога

[8] Исто, 217.
[9] Luci K., & Alaj P., 2013, 100
[10] Група автори 2021, 3, 71, 72.

зборуваме за праисторијата не само на Србија, туку за праисторијата на цела Југославија, треба де се има предвид дека првата општа слика за праисторискиот развиток ја имаме од едицијата „Праисторија југословенских земаља“ во 1987. Во басенот на Јужна Морава се откриени околу шеесет локалитети од бронзено-железното време.[11] Во 1998 година, беа извршени првите археолошки истражувања во локалитетот Хисар – Лесковац, еден од најјаките и најпознатите локалитети во овој регион. Друг познат локалитет е Кале Кршевица каде од 2001 до 2003 година беа извршени археолошки истражувања, што продолжуваат и денес.

Басенот на Јужна Морава за нас претставува една многу важна географска целина токму поради тоа што во овој дел на Балканот за прв пат се појавува една нова културна манифестација, односно се појавува нов начин на погребување со кремирање на покојниците во урни. Ова култура група во археолошката литература ќе биде позната како Брњичка културна група.

Д. Гарашанин направи хронологија на бронзеното време на Србија, според која се разликуваат три основни фази: рано бронзено време или бронзено време I, што одговара на периодот Br A според Рајнеке, развиено бронзено време или бронзено време II, што ги опфаќа Рајнекеовите фази На А2-С и доцно бронзено време или бронзено време III, што одговара на На Br C-D според Рајнеке.[12] Р. Васиќ, главно, се согласува со поделбата на бронзеното време направена од Д. Гарашанин, но напоменува дека доцното бронзено време би требало да се врзе, освен за Рајнекеовата фаза На Br D, и за фазите на На А-В што, спротивно на ова мислење, според некои автори (Рајнеке, М. Гарашанин), му припаѓаат веќе на железното време. Поради таа неусогласеност, последниот период на бронзеното време (На А-В), според некои автори, се нарекува и преоден период од бронзено во железно време.[13]

[11] Stojič, M., 2006, 74
[12] Garašanin D. 1967, 203-208
[13] Vasić R. 1997, 149-151

## 3. БРЊИЧКА КУЛТУРНА ГРУПА

Како главен белег на т.н. група Доња Брњица или накратко Брњичка група обично се зема ритуалот на погребување со кремација во урни.

За појавата на кремирање и погребување во урни, се поставени многу хипотези, а со тоа и хипотези за „ширењето“ и „влијанијата“ на културата на урнефелдер Urnenfelder. Притоа, обично се мислеше дека новата форма на погребување е поврзана со одреден степен на религиозен развој, но безусловно е потребно одредено расположение за тоа, без што е невозможно да се замисли преминот од еден начин на погребување на друг начин.[14] Во текот на преодниот период во Долно Подунавје се формираат и други групи поврзани со овој комплекс, како што се: во Јужна Панонија (Ватинска) и Поморивје – Параќин, Доња Брњица – Горња Стражава), кои освен со материјалната култура се издвојуваат и со друг начин на погребување: кремација во рамни гробови со урни.[15] Овој начин на погребување дотогаш беше непознат во овој дел на Балканот.

Веќе е се знае дека развојот на Ватиканксата културната група бил на многу начини условен од контактот и влијанието од микенскиот свет. Микенски тип наоди како во Косово (Игларево), Македонија (Клучка) и долината Морава (Пирот), пред формирањето на Брњичката и на Параќинска група имале големо влијание од микенскиот свет, како резултат, меѓу другото, и на формирањето на овие две културни групи во Централен Балкан, но и други културни групи во долината на Дунав, Белегиш и Жуто Брдо.[16] Контактите и трговијата помеѓу микенскиот свет и Централна и Југоисточна Европа се одвивале низ главните комуникации како Вардар – Морава – Дунав, сè до падот на микенската цивилизација. Со тоа почнува и големиот продор т.н. егејски преселби, кои рушеле и уништувале многу населби во овој регион.

Ритуалот на погребувањето со кремирање се одвивал со денови, при што покојниците гореле на силен оган, заедно со гробните прилози. Собирањето на остатоците од кремирањето, се вршело неколку дена по кремирање. Избирани биле најсочуваните

[14] Srejović D., 1959/60, 111.
[15] Гарашанин М., 1988, 44.
[16] Stojič M., 2000, 27.

скелетни остатоци и потоа миени. Така исчистени од пепелта, заедно со остатоците од личната спрема и прилозите, биле ставени без ред во садовите – урни. Урните биле полагани во јамки вкопани во здравицата, а во повеќето случаи, околу нив формирани и специјални заштитни конструкции од толоидно редени камења. Камењата биле редени во три реда, додека урната била затворена или со камена плоча или друг поширок сад. Има случаи каде урната е положена директно на земја без никаква гробна конструкција. На крај биле поставени речни камења во вид на покривка.[17] Оттука, може да се извлечат следните заклучоци, важни за објаснување на голем број феномени врзани за Брњичката културна група. Феноменот на кремирање во Европа и во Азија е секогаш поврзан со периоди на големи потреси во културата на едно подрачје. Времетраењето на периодот во кој се кремираат покојниците зависи од времето потребно за надминување на кризата, т. е. да ги приспособат постарите култури на новите услови. Кремирањето се напушта во моментот кога една култура ќе ја достигне својата целосна стабилизација во етничка и во културна смисла.[18] Освен кремирањето како погребен ритуал во некои некрополи од Брњичката култура се среќава и инхумацијата. На овие гробови, иако се сметаат како постари, често биле пронајдени слични прилози како во кремираните гробови.[19] Исто така, треба да се напомене дека не секогаш погребувањето се вршело во рамни некрополи. Имаме случаи каде кремацијата како погребен начин се користел и во тумуларни погребувања. Такви случаи имаме во неколку тумули како во: Ромаја, Широко, Дибичаку (главно во т.н. Гласиначки комплекс).

Најпознати некрополи, каде и за првпат се среќаваат гробови со кремирани покојници се локалитетот Доња Брњица – Приштина (1957). Предводен од Д. Срејовиќ, во 60-тите години, Д. Крстиќ вршел ископувања во Горња Стражава – Топлице, исто така и В. Трбуховиќ во 1964 вршел ископувања во Доња Топаница – Топлице. Овие локалитети му помогнале на М. Гарашанин да издвои една посебна културна група наречена Доња Брњица – Горња Стражава.[20] Во последните години од дваесеттиот век, бројот на некрополи и локалитети од оваа културна група почнува да се зголемува, не само во

[17] Srejović D., 1959/60, 101; Гарашанин М, 1983, 775; Митревски Д., 1997, 34; Тасић Н. 2001, 8.
[18] Srejović D.1959/60, 111.
[19] Томашевић Цветковић Г., 1983, 76; Mehmetaj H., 1993, 54; Љуци К., 1998, 146.
[20] Srejović D., 1959/60, 85-136; Гарашанин М., 1983, 778.

Косово, туку и во другите региони во Србија и во Македонија, така што се добија далеку повеќе податоци за нејзина поцелосна определба.

### 3.1. Географија и распространетост

Во раното бронзено време и на почетокот на средното бронзено време, ватинската култура доминираше како културен феномен во Централен Балкан. Кон крајот на средното бронзено време се појавија различни културни групи во оваа област. Некои поврзани со Ватинската традиција, но и со нови елементи, како: Белегиш група во Јужна Војводина и во Северна Србија, Параќинска група во средно Поморавје, и Брњичката културна на југ. На сите овие културни групи кремирањето им било главен ритуал на погребување. Дефинирањето на културните граници на брњичката култура е многу тешко бидејќи не постои јасна географска граница што ги дели жителите на оваа култура од другите култури. Обемот на оваа култура е на релативно голема територија и се јавува со бројни населби и некрополи. До осумдесеттите години од минатиот век се сметаше дека брњичката култура е распространета во јужното Поморавје, Косово и Санџак, кон север до Ниш, а на југ до околина на Лесковац.[21] Сепак, со последните археолошки истражувања распространетоста на оваа културна група е многу појасна.

Денес имаме појасна слика за географијата и распространетоста на оваа културна група на Балканот. Долината на Јужна Морава, со басенот на Пчиња се сметат за центар на оваа група. Но, секако нејзините елементи и влијанија ќе се прошират речиси низ целиот регион (Србија, Косово, Македонија, Грција, Бугарија и Албанија).

Јужноморавскиот басен ја опфаќа областа околу Јужна Морава, една од најголемите реки во Србија, која со притоката Западна Морава ја формира Велика Морава. Јужна Морава извира како Биначка Морава под западните падини на Скопска Црна Гора, а по устието на Моравица кај Бујановац се нарекува Јужна Морава. Додека долината на Пчиња ја опфаќа областа околу реката Пчиња, која извира на територија на Р. Србија, на планината Дукат, а се влева во Вардар во Таорската Клисура. Во Кумановската Котлина,

[21] Гарашанин М., 1983, 774.

ги прима своите две најголеми притоки: десната, Кумановска Река, и левата, Крива Река, чиј извор се наоѓа на Осоговските Планини.[22]

Контактите на Македонија, особено на Скопско, ќе дојдат до полн израз во преодниот период (XII – XI век пред Христа), така што не само во околината на Скопско но и по долината на Вардар се појавува нов начин на погребување со кремирани покојници, а остатоците се полагани во садови – урни како во: Хиподром, Орешани, Скупи, Стоби, Тремник, Кукуш, сѐ до Пелопонез.[23] Во инвентарот на новиот тип некрополи со кремирање се среќаваат многу елементи од Северен и од Централен Балкан, оние што ги среќаваме и во изгорените слоеви од бронзенодопските населби по Долен Вардар како Вардарски Рид, Кастанас, и многу други локалитети. Ова ни ги открива причините за крајот на Повардарската група – Уланци, но и го потврдува ширењето на северно и на централнобалканските културни елементи кон југ, поточно за движењето на новото население од север, по долината на Вардар, кон Егеј.[24]

Погребувањето со кремирање на територијата на Македонија се појавува исклучиво во преодниот период и како ритуал се користи сѐ до почетокот на раното железното време, кога целосно исчезнува и инхумацијата ја презема доминантната улога како единствен погребен ритуал. Она што ние можеме да го констатираме согласно материјалната култура и археолошките остатоци на крајот на XI век пред н.е. е дека на целата територија на Македонија појавата на кремација ќе престане да се развива и ќе исчезне на почетокот на X век пред н.е. Наспроти тоа, ќе продолжи развојот на локалните културни вредности што биле поставени на темелите на традицијата од бронзеното време.[25] Денес со сигурност може да кажеме дека елементи или влијанија од Брњичката културна група одат кон југ до Егејското Море – Кастанас, а кон исток одат до Пловдив – Бугарија.[26] Сепак, овие елементи кон југ и исток, треба да ги третираме како влијанија, резултат на етнокултурни движења и не како културни феномени, што локално ќе се развиваат во следните периоди.

---

[22] А. Булатовиќ и Ј. Станковски, 2012,12
[23] Митревски Д., 1997, 48
[24] Митревски Д. 1994; Истиот., 2003, 20.
[25]Папазовска А., 2015, 191.
[26] Митревски Д., 1997, 52; Stojič M., 2006, 77; Bulatović A., 2011, 125.

За разлика од Македонија, во Албанија ритуалот на погребување со кремација се одржува низ целото железно време, особено изразено во некрополите во Барч и Куч и Зи.[27] Исто така, и во соседна Грција, кремацијата ќе продолжи да се употребува низ целото железно време, т. е. геометрискиот период.[28] Од друга страна, кремацијата е нешто што е сосема непознато во микенскиот свет (освен неколку изолирани појави), па така нејзината појавата во XI век пред н.е. во Атика, претставува индикатор за продор на северни балкански обичаи на темното доба (Dark Age) во Грција. Некои автори дури ја поврзуваат појавата на кремацијата со доаѓањето на Дорците.[29] Како и да е, овој феномен се поврзува со продорите од север.

### 3.2. Хронолошки развој

Прашањата во врска со генезата, развојот, хронолошки развој и други аспекти од Брњичката културна група, во неколку наврати се занимале: Д. Срејовиќ, В. Трбуховиќ, М. Гарашанин, Н. Тасиќ, М. Стојиќ, К. Ljуци и многу други археолози. Според географската распространетост, а особено имајќи го предвид центарот од каде се проширила оваа културна група, се смета дека таа е развиена од Ватинскиот културен комплекс.[30] Веќе се знае дека појавата и развојот на Ватинската културна група на многу начини беше условена од контактите и влијанијата од микенскиот свет. Микенските наоди ни покажуваат дека пред формирањето на Брњичката и на Параќинската група имало значајно влијание од микенскиот свет и како резултат на тоа се формирале овие две групи во Централен Балкан. Всушност појавата на микенските елементи во централен Балкан може да се земе како почеток на формирање на Брњичката група. Овие влијанија од микенскиот свет што ќе бидат поизразени во раната фаза Брњица I, но и со многу истовремени културни групи, во внатрешноста на Балканот се објаснува со растот од потребата на бронзата и други природни ресурси.[31] По падот на микенската цивилизација,

[27] Zharku A. 1985
[28] Snodgrass A.M., 1971, 179
[29] Исто, 184
[30] Гарашанин М., 1983, 778; Stojić M., 2000, 24
[31] Stojić M., 1997, 124; Исто., 2000, 27

која беше фактор за стабилизација и развој и на овој регион, особено долините на Вардар – Морава – Дунав, почнаа и големите немири и миграции т.н. Големите егејски преселби, во кои заедниците од Брњачката група ќе имаат значајна улога.

М. Гарашанин смета дека хронолошки оваа култура прецизно може да се фиксира основа на движниот археолошки материјал, особено металните предмети.[32] Според Д. Срејовиќ, оваа културна група припаѓа на На В2/С1, 750 пред Христа,[33] што е прифатено и од М. Гарашанин.[34] Г. Светковиќ и Томашевиќ, забележале одредени сличности меѓу погребувањата на Брњичката со Параќинската група, во Улпијана, каде гробовите се датирани на На А2-В1, XI-X век пред Христа.[35] М. Паровиќ-Пешикан споредувајќи ја керамиката од некрополите од Долна Брњица и од Долна Топаница со грчката керамика, заклучил дека Брњичката културна група припаѓа на периодот од VIII – VII век пред Христа.[36] Н. Тасиќ почетокот на брњичката култура го смета во XIII век пред Христа.[37] М. Стојиќ развојот на оваа културна група во долината на Јужна Морава го датира во периодот од XIV до XI век пред Христа, истовремено со културните групи Параќин I и II и Белегиш I и II.[38] К. Љуци ја датира некрополата од Долна Брњица во три фази: Брњица I – доцна бронза (На А -1200), Брњица II во преодниот период (На А – 1100) година, додека Брњица III ја датира во (На В – 1000).[39] Д. Митревски Брњичката некрополата во Клучка Хиподром ја смета од XII век пред Христа.[40]

Значи, главно повеќето од научниците хронолошката граница на Брњичката културна група ја ставаат во Br C/D–На А2, или од 1300 до 1000 години пред Христа.[41]

---

[32] Гарашанин М., 1973, 441
[33] Srejović D., 1959/60, 121
[34] Гарашанин М., 1973, 449; Исто., 1983, 773
[35] Светкович Томашевиќ Г., 1983, 72
[36] Паровиќ-Пешикан М., 1986, 25
[37] Тасиќ Н., 1997, 292
[38] Стојиќ, Јочиќ.1993, 296
[39] Luci K., 1998, 146
[40] Mitrevski.1994, 122
[41] Лазић М., 1996, 114–152; Стојић М., 2001, 34–36; Љуци К., 1998. 146; Тасић Н., 2001. 10; Булатовић А., 2008. 43–45.

| | | |
|---|---|---|
| околу 1350 г. пред Христа<br>Период: Брњица I | Крај на XIV –<br>почеток на XII век пред<br>Христа | Br C<br><br>Ha A1 |
| Околу 950 г. пред Христа<br>Период: Брњица II | Приближно XI –<br>X век пред Христа | Ha A2<br>Ha B1 |

*Хронолошки развој на Брњичката културна група*

## 3.3 Локалитети од брњичката култура

Брњичката култура во Косово доминира во источно Косово, значи во долината на Морава – Вардар, за разлика од западно Косово – долината на Дрим, каде Брњичката култура не е многу присутна. Според овие податоци, се смета дека погребување со кремирање на покојниците не се користи во западно Косово, каде што преовладува начинот со скелетно погребување што се користи и во тумуларни и во двојни погребувања, а кремирањето се среќава само како спорадична појава.[42] Најпознати локалитети во Косово од Брњичката култура се: Доња Брњица, Карагач, Љушта, Кеќекол[43], Улпијана,[44] Бадовац,[45] Валач[46] и многу други. Во последните години можеме

[42] Bunguri A., 2006, 35.
[43] Srejović D., 1959/60, 104-105
[44] ЦветковиЋ ТомашевиЋ Г., 1983, 67-9
[45] Srejović D., 1959/60, 105.
[46] Stojič, M., 2006, 75

уште многу нови локалитети да ги додадеме на локалитети со елементи од оваа култура како: Кориша, Рогово, Тица,[47] Хисар – Сува Река, Добратин, Труда, идр.

Во Србија се смета дека брњичката култура е распространета само во басенот на Јужна Морава и долниот тек на Западна Морава. Милорад Стојиќ има ја проучувал Брњичката културна група на овој регион и според него има над шеесет локалитети каде има археолошки материјал од оваа културна група.[48] Во долината на Јужна Морава и долниот тек на Западна Морава се регистрирани четири фази на развој на Брњичката културна група. Првите две фази го претставуваат развојниот период на оваа група, додека третата и четвртата претставуваат период на симбиоза и мешање на оваа група со носителите на керамичкиот тип Белегиш – Гава.[49]

Кремирањето во Македонија се наслојува на пајонскиот начин на скелетно погребување или инхумирање во цисти,[50] така што евидентно е дека заедниците што ги кремирале своите покојниците ѝ припаѓале на брњичката култура. Овој начин на погребување го следиме долж течението на реката Вардар или по главната комуникација север – југ. Веќе е јасно дека влијанијата од оваа културна група во Македонија дојдоа од север, конкретно од Јужна Морава. И покрај таквите настани, исполнети со воени деструкции, етнички и културни движења, во текот на XII – XI век пред Христа, може да се каже дека во Македонија тие не предизвикале некои посуштествени демографски промени. Погребувањето со кремирање, како најсилен аргумент за новото население, се манифестира како туѓинска појава, која на територијата на Македонија не траела долго време. Без подлабоки корења, тој ритуал и обичај на погребување, со востановувањето на новата железнодопска култура бил целосно напуштен. Стариот домашен обичај на погребување со инхумација во гробови цисти повторно се појавил како единствен начин на погребување.[51] Во басените на Пчиња и на Вардар, регистрирани се голем број локалитети со брњички тип на керамика. Постојат петнаесет локалитети на брњичка

[47] Гаши Ш., 2012, 86-88
[48] Stojič, M., 2006, 74
[49] Stojić M., 2000, 28
[50] Митревски Д., 1997, 226
[51] Митревски Д., 1997, 26-70.

керамика во Пчињскиот басен[52], што може да се објасни само како влијанија дојдени од долината на Јужна Морава.

Најпознати локалитети во Македонија со елементи од брњичката култура се: Клучка Хиподром, Скупи, Орешани, Мали Дол – Тремник, Стоби,[53] Пчиња.[54] Во Варош – Прилеп иако не се откриени гробни целини, според керамичките наоди се смета како дислоцирани остатоци од некропола со кремирани покојници. Еден друг интересен локалитет од преодниот период со аналогии со Хиподром – Скопје, е и Стоби – југозападната некропола. И покрај тоа што и тука не е најдена ниту една гробна целина, според својата положба се смета дека била користена како некропола.[55] Во некрополата на Мали Дол имаме паралелна појава на двата ритуала на погребување (инхумација и кремација), кои се индикатор на две сосема различни култури и начинот на нивната егзистенција. Гробовите со инхумирани покојници во згрчена положба ја сместуваат некрополата во рамките на Уланци групата. Од друга страна, појавата на погребувањата во урни во рамките на истата некропола во текот на XI век пред Христа, зборува за новини што настанале по значајни културни и етнички продори по север. Од оваа некропола дознаваме дека носителите на овие миграции, не секогаш ги уништиле заедниците, напротив, дел од нив останале заедно со локалното население, каде продолжиле извесно време паралелно со нив да егзистираат, и натаму почитувајќи ги вредности на својата култура.

Во Бугарија елементи на брњичката култура, иако ограничени сепак се откриваат по долината на Струма, како во некрополата Невестино кај Ќустендил, на Каменска Чука во Благоевград, во Пловдив, сè до некрополите Потами и Ехоки кај Драма во Грција. Поврзаноста на овие подалечни пунктови со брњичката култура сè уште не е доволно разјаснета и претставува една од загатките во балканската праисторија.[56] Таму освен керамика од брњички тип, е откриена и керамика од микенски тип.

[52] Митревски Д., 1993, 115-124.
[53] Митревски Д., 2013, 193; Истиот., 2019-а, 154; Киро Р., 2016, 83.
[54] Gjorgjievski D., 2012. 7-29.
[55] Митревски Д., 1997, 29,30.
[56] Stefanovich, Bankoff 1998, 274; Stojič, M. 2006, 77




*Карта 1. Локалитети на Брњичката култура: 1. Пирот (Мaџилка), 2. Медијана, 3. Горња Стражава, 4. Доња Топаница, 5. Лесковац (Хисар), 6. Тогочевац, 7. Врапце, 8. Делимеџе, 9. Дојевиќи, 10. Латинско Гробље, 11. Тенеш Дол, 12. Граштица, 13. Доња Брњица, 14. Белачеац, 15. Игларево, 16. Рогово, 17. Кале Кршевица, 18. Кокино, 19. Скупи, 20. Клучка, 21. Стоби, 22. Чашка (Велес),23. Мали Дол, 24. Тумба Меџитлија, 25. Тумба Кравари, 26. Кастанас, 27. Сандански, 28. Пловдив, 29. Тица*

## 3.4. Некрополи

Кога станува збор за една културна група, како прво треба да имаме предвид дека не секогаш се истражени паралелно некрополите и населбите. Во неколку случаи населбинскиот живот ни е многу појасен за разлика од начинот на погребување. Сепак за Брњичата културна група полесно ни е да зборуваме и да ги анализираме некрополите. Културните, економските, социјалните, традиционалните, како и религиските вредности и сфаќања на една заедница најдобро можат да се воочат и да се сфатат преку погребувањето и погребните обичаи. За првпат за оваа културна група дознаваме од некрополата во Доња Брњица. Значи првичните информации за ова културна група ги имаме од некрополите. И ден-денес, некрополите доминираат за разлика од населбите на оваа група.

Освен рамни некрополи со кремација во Брњичката културна група имаме и погребување со инхумација. И не станува збор за погребување со инхумација од друг период, туку некои некрополи имаат истовремено биритуално погребување, како во: Рогово,[57] Игларево,[58] Доња Брњица,[59] Граштица,[60] Улпијана[61], Карагач,[62] Мали Дол[63] и многу други.

### 3.4.1. Некрополи во Косово

Како што истакнавме погоре, Брњичката културна група во Косово е распространета исклучително само во источниот дел, за разлика од западниот дел каде имаме само некоја спорадична појава. Ова може да се сфати како културен феномен во басенот на реката Јужна Морава и нејзините притоки. Досега во Косово се евидентирани неколку некрополи на Брњичката културна група: Бадовац, Доња Брњица, Граштица, Карагач, Варош, Фафос,

57 Љуци К., 1998, 116–146
58 Исто
59 Srejović D., 1960; Ljuci K., 1984; Исто. 1998
60 Mehmetaj H., 1993
61 Цветковић Томашевић Г., 1983; Лазић М., 1996
62 Srejović D., 1973
63 Папазовска А., 2018

Љушти, Улпијана,[64] и во неколку тумуларно погребувања во западниот дел на Косово, како во Перчево, Рогово.

1. Доња Брњица

Доња Брњица е некропола во близина на Приштина. Првите археолошки истражувања биле изведени од Музејот на Косово во 1957, а во 1958 биле организирани систематски истражувања, при што биле ископани 34 гроба, од кои само еден е со скелетно погребување. Во 1980 со новите археолошки ископувања биле откриени 27 гроба. Гробовите се распоредени во групи оддалечени од 30 до 50 метри. Една група се состои од 10 до 20 гробни целини, секоја група има елипсоидна површина од 10 до 20 метри. Гробните конструкции се направени од речни камења – белутрак.[65] Според добиените информации од археолошките истражувања, Д. Срејовиќ успеал да издвои три основни типа на гробови: во првиот тип урната е ставена на камена плоча, а јамата е заштитена со вертикални камени плочи. Другиот тип на гробови е сличен како првиот, но веќе ја нема конструкцијата со камени плочи, третиот е создаден со поврзувањето на првиот и вториот тип на гробови во една целина. Првичната хронолошка слика за оваа култура ја имаме од Д. Срејовиќ,[66] кој по првите археолошки ископувања во некрополата на Доња Брњица, ни ги даде првите податоци, и донекаде и хронолошките рамки на ова култура. Тој забележал неколку разлики при погребувањето, распоредот и гробните конструкции, па издвоил неколку фази, кои, пак, немаат некоја хронолошка вредност, но се работи за разлики во општеството:

- Првата фаза е карактеристична со рамни некрополи во урна, распоредени во правилни редови и со голем број прилози.
- Во втората фаза е нарушен правилниот распоред на гробовите, прилозите се ставени внатре во урни.

---

[64] Srejović D., 1959/60; Mehmetaj H., 1993; Цветковић Томашевић Д., 1983
[65] Srejović D., 1959/60, 100,101
[66] Исто, 114

- Во третата фаза е издвоена на посебна група на гробови, се појавуваат и првите двојни и повеќечленски гробови, со подобра гробна конструкција, додека бројот на прилозите е намален, тие секогаш се ставени во урни.
- Четвртата фаза, според Срејовиќ сосема е излезена од рамките на рамни некрополи во урни, во оваа фаза веќе не се користи урна, тука пепелот на покојникот се става директно во гроб.[67]




*Сл.1.* Доња Брњица, *Д. Срејовиќ, 1959-1960*

Со ископувањата од 1980 археолозите успеале да издвојат уште два нови типа: четвртиот тип на гробови каде околу урната има само редени камени плочи, и петтиот го сочинуваат гробовите без конструкции, каде урната е положена директно во земја.[68] Што се однесува на начинот на погребувањето во некрополата Доња Брњица се евидентирани два вида гробови: со урни, каде е ставен пепелот од покојникот, и гробови каде пепелот на покојникот е ставен директно во гробот без урна.[69] Љуци во 1980 извршил ископување во Доња Брњица и успеал да издвои нов тип на гробови, што ги означил како IV тип (група).[70]

[67] Srejović D., 1959/60, 114
[68] Луци К., 1984, 30
[69] Srejović D., 1959/60, 102; Гарашанин М., 1983, 775
[70] Љуци К., 1984, 25




*Сл.2. Доња Брњица, Љуци 1984*

2. Карагач

Оваа некропола била откриена во 1960 година, кога се вршени и првите археолошки истражувања, каде прво била откриена населбата, па потоа и некрополата на Карагач. Погребувањето во оваа некрополата било биритуално. Гробови со урни биле откриени на два сектори. Во северноисточниот сектор гробовите биле вкопани во плитки јами, поплочени со камени плочи, над кои биле поставени урните. За жал, ниту една од урните не е доволно зачувана. Во југозападниот сектор гробовите формираат една мала група.[71] Според Д. Срејовиќ, начинот на погребување во Карагач (урни заштитени со камчиња) е поархаичен од оние што се практикуваат во Доња Брњица (урни во толуидини градби од камчиња). Така, според него, урните на Карагач можат со поголема прецизност да се датираат во X – IX век пред Христа.

[71] Srejović D., 1973, 46

3. Улпијана

Во 1982 биле извршени археолошките истражувања во античкиот град Улпијана. Во последните слоеви од ископувањата, археолозите наишле на гробови со кремирање на покојниците. Тука биле откриени осум гроба и група гробови, од кои два со инхумирани, а шест со кремирани покојници. Урните биле положени во земја, без никаква камена конструкција, за разлика од другите некрополи. Гробовите биле без прилози, урните без некој украс и многу архаични, сето тоа ни кажува дека веројатно урните од Улпијана се од преодниот период од бронзено во железно време XI – X век пред Христа.[72]




*Сл.3. Улпијана, според Лазиќ, 1996*

Во 2018 Археолошкиот институт на Косово, во соработка со археолози од Австрија направи археолошки ископувања, со цел да се најдат гробови со урни. Јас имав можност да раководам со ископувањата на една од сондите. Сондите беа околу 10 метри на југ од местото каде во 1982 биле пронајдени урните. За жал, и покрај големата длабочина околу 4 метри, не наидовме ниту на гробови, или некаква на праисториска гробна конструкција.

[72] Томашевић Г. 1983, 72,76 сл. 10; Лазић М., 1996, 136.

4. Игларево

Од 1986 до 1991 биле извршени археолошките истражувања на некрополата на Игларево – Клина. На оваа некропола, како и на локалитетите Рицево и Кршине, биле истражени гробови како со кремирани така и со инхумирани покојници. Од 48 гроба само три се со кремирани покојници.[73] Гробовите на инхумираните покојници биле различно оформени. Доминираат гробови без гробни конструкции во кои плитко се закопувале покојниците, со свиткани раце во лактите и благо свиткани нозе. Ориентацијата на овие гробови била запад – исток. Само во една од оваа група (гроб IV/ 4) се пронајдени додатоци – игла со конусна глави и кратка бронзена кама.[74]

Гробовите се со правоаголна конструкција, направени од камен со различни големини, покојниците биле испружени на страна, благо свиткани нозе, главите им биле насочени кон север или исток, а гробовите беа покриени со плочи. Најдени се некои бронзени игли, оружје, бронзен накит како и некои керамички форми што се слични со керамиката од други некрополи од Брњичката културна група. Врз основа на бронзени наоди, некрополата во Игларево се датирани во средно и во доцно бронзено време, односно во периодот BrB2 / C – BrD / HaA1.[75]

5. Граштица

Во селото Граштица, близу Приштина е откриена праисториска некропола. Првите археолошки истражувања биле изведени во 1991 и во 1992 година. Во оваа некропола биле откриени 60 гробови, од кои само четири со инхумирани покојници, а 56 гроба со кремирани покојници.[76] Урните со кремирани покојници биле оставени во земја, без камена конструкција. Според Х. Мехметај, некрополата е датирана кон крајот на

[73] Luci K., 1998, 220 – 234
[74] Лазић М., 1996, Т. XXXIX/12
[75] Исто., 123; Luci K., 1998, 132–133
[76] Исто, 1998, 128

бронзеното и почетокот на железното време и културно ѝ припаѓа на раната фаза на Брњичката културна група.[77]

### 3.4.2. Некрополи во Македонија

Како што истакнавме погоре, кон крајот на XII или почетокот на XI век пред Христа, во Македонија, а особено во Повардарјето животот на многу населби бил прекинат. Паралелно со прекинувањето на животот на населбите, секако, завршила и употребата на некрополите во рамките на тие населби. Дотогашниот ритуал и начин на погребување со инхумацијата во згрчена положба бил прекинат, барем по долината на Вардар.[78] Наспроти тоа, се појавуваат нови некрополи со нов ритуал на погребување, со кремирање во урни. Тие се концентрирани повторно по долината на Вардар или по главната комуникација север – југ.[79] И покрај таквите настани, исполнети со воени деструкции, етнички и културни движења, во текот на XII – XI век пред Христа, може да се каже дека во Македонија тие не предизвикале некои посуштествени демографски промени. Погребувањето со кремирање, како најсилен аргумент за новото население, се манифестира како туѓинска појава, која на територијата на Македонија не траела долго време. Рушителите очигледно не останале многу долго, но не и во Скопско. Таму очигледно останале извесно време, во текот на XI век, при што успеале да формираат и своја некропола со својот ритуал и посебен начин на погребување со кремирање во урни (Клучка – Хиподром, Скупи).[80] Според Д. Митревски, погребувањето со кремирање на покојниците било без подлабоки корења, така што тој ритуал и обичај на погребување, со востановувањето на новата железновременска култура бил целосно напуштен. Стариот домашен обичај на погребување со инхумација во гробови цисти повторно се појавил како единствен начин на погребување.[81]

---

[77] Mehmetaj H., 1993, 51-54
[78] Митревски Д., 2013, 193
[79] Исто, 1997, 44
[80] Митревски Д., 2013, 187, 188
[81] Исто, 1997, 26-70

1. Клучка Хиподром

Локалитетот Клучка се наоѓа на 5 км југоисточно од центарот на Скопје, на самиот автопат пред клучката за Велес и Куманово, на една блага падина. Оваа некропола била откриена со изградба на автопатот во 1989 г., кога претрпела големи оштетувања во должина од околу 200 м, направени со механизацијата за трасирање во правец север. Дел од некрополата веќе бил уништен, но со заштитните ископувања, археолозите успеаја да испитаат дел од гробовите, и во археолошката литература е регистрирана како некропола од преоден период. И ко имаше одредена тенденција за формирање редови, но заради големото оштетување не се документирани повеќе од 3 гроба во еден ред.[82]




*Сл.4. Клучка Хиподром, според Митревски*

Сепак, евидентно е организирањето на неколку гробови – урни во единствена група, покриена со заедничка покривка од речни камења, слично како во подоцнежните тумуларни погребувања, што претставуваат израз на свеста за фамилијарната припадност

[82] Митревски Д., 1994, 120

на покојниците.[83] Од 11 гроба само гробовите 3,7 и 11 биле зачувани комплетно. Карактеристично за некрополата во Хиподром се и трите конструкции, особено конструкцијата 1 што претставува кружна површина од еден ред речни камења заградена со венец од поголеми камења во која немаше гроб туку само остатоци од урни.[84] Гробот 7 освен урната има и еден многу интересен наод: заби од дива свиња за кои ќе зборуваме подолу во поглавјето за оружје.

2. Скупи

Некрополата од преодниот период, доцнобронзено – раножелезно време (XII – X век пред Христа) е значително оштетена при подоцнежните погребувања во римскиот период.



*Сл.5. Скупи – некропола со кремација од бронзено време, Л.Јованова*

Се работи за некропола од рамен тип со биритуално погребување. Со истражувањето на античкиот театар на римско Скупи во текот на 2014 година се откриени постари погребувања од доцното бронзено и железното време. Во Скупи се откриени 4 такви гроба

[83] Исто,1997, 41,42
[84] Митревски Д., 1994, 120; 1997, 42

со кремирани покојници во урни.[85] Гробовите со кремација најдени на северозападната некропола на Скупи го потврдуваат мислењето за одделување на местото на кремирањето од местото на погребување. Докази за тоа се големината на јамите, дебелината на запечените ѕидови и друго.[86] Гробовите со урни се среќаваат заедно со погребувањата со згрчена инхумација од крајот на бронзеното време. Без сомнение, се работи за две различни култури, со нивни различни носители, што се погребувале на ист простор, но сепак последователно во различно време[87].

## 3. Мали Дол – Тремник

Археолошки ископувања на некрополата Мали Дол се изведуваа во периодот помеѓу 2009 и 2015 година при што беа истражени вкупно 62 праисториски погребувања сместени во два хоризонта на погребување: постариот датиран во преодниот период од доцното бронзено време во железно време XIII – XII век, а помладиот хоризонт му припаѓа на средниот век датиран во XII – XI век.[88]

Помладата фаза на погребувања во некрополата се карактеризира со појава на новини во ритуалот на погребувањето. Се јавуваат гробови со кремирани покојници положени во урни. Досега се истражени вкупно 16 погребувања во урни. Првичните податоци за оваа некропола се добиени од сопственикот на нивата кој при изградба на штала наишол на камени конструкции и пронашол две бронзени игли што ги пријавил во Музејот на град Неготино. Погребувањата во оваа некропола се биритуални, материјалните остатоци откриени во гробовите на некрополата Мали Дол укажуваат на манифестации карактеристични за крајот на бронзеното време, како и за карактерот на гробиштата. Гробовите во Мали Дол го претставуваат крајот и падот на оваа културна група преку појавата на погребувањето во урни. Овој погребен ритуал, типичен за Брњичката културна група, го означува крајот на бронзеното време и почетокот на раното железно време во Македонија.

---

[85] Јованова Л., 2015, 22
[86] Јованова Л., 2015,111
[87]Митревски Д., 2019-а. 154,155
[88]Папазовска А., 2018,7




*Сл.6. Мали дол – Двата хоризонти на погребување, А. Папазовска*

4. Стоби – југозападна некропола

Доцно бронзенодопската некропола на локалитетот Стоби е констатирана со големите археолошки ископувања во 1992 г. од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Музејот на Македонија, кога на просторот западно од градските бедеми на Стоби, во рамки на т.н. „Југозападна некропола“ биле изведени заштитни ископувања.[89] На просторот југозападно од градските бедеми, т. е. на крајните јужни делови на Западната римска некропола, на блага пространа падина на најниската тераса на левиот брег на Црна Река се протегала доцно бронзенодопската некрополата. Се

[89] Митревски Д., 1997, 313.

работи за некропола со кремирани покојници во урни, полагани во јами што биле вкопани во здравицата на теренот. Најголемиот дел од некрополата бил уништена со подоцнежна нејзина реупотреба во античкиот период, но за жал немаме податоци за нејзиниот обем. Овие гробови се траги од најстарото битисување на просторот. Поради лошата сочуваност од подоцнежни упади досега нема ниту една целосно сочувана гробна целина. Сочувани се фрагменти од урни и керамика, според кои може да се датира некрополата во XII – XI пред Христа.[90]

### 3.4.3. Некрополи во Србија

Некрополите во басенот на Јужна Морава се рамни, освен некрополата на Горња Стражава каде се потврдени остатоци од тумиларен насип.[91]

1. Маџилка – Пирот

Оваа некропола со кремирани покојници е со заокружени со камени конструкции што содржат многу гробови. Во ова некропола бил пронајден мешан археолошки материјал од стара Параќинска група и од млада Брњичка група. Освен движниот материјал ова се потврдува и во гробните конструкции.[92] Поголемиот дел од гробовите имаат урни што се карактеристични за Брњичката група, со хоризонтално профилиран убод, конусен врат и хоризонтални држалки.[93]

---

[90] Митревски Д., 1997, 42, 313.
[91] Krstić Д., 1992, 231.
[92] Јевтић М., 1990, 92-102.
[93] Stojić M., 2000, 18.

2. Доња Топаница

Во 1964 биле изведени првите археолошки ископувања од страна на В. Трбуховиќ. Во оваа некропола со кремирани покојници, со неколку групи на гробови биле пронајдени дваесет гробови, од кои само некои биле зачувани.[94] Овие гробови не биле истовремени, сепак, на еден од овие гробови според движниот материјал може да се прави аналогија со материјалот од Доња Брњица и од Горња Стражава.[95] Остатоците на кремираните покојници биле ставени во биконични урни, често големи, не недостасуваат ни оружје, накит и др.[96].

3. Горња Стражава

Првите археолошки истражувања биле изведени во шеесеттите години од страна на Д. Крстиќ. Констатирана е некропола со кремирани покојници, каде биле откриени две некрополи. На некрополата I некои од гробовите биле пронајдени во внатрешниот дел на камениот прстен, некои надвор. Поголемиот дел од урните пронајдени внатре во прстените имаат две хоризонтални рачки на рамото, додека речиси сите оние што се наоѓаат надвор од прстените имаат четири хоризонтално перфорирани рачки. Некрополата II која е на само 150 м од некропола I се карактеризира со урни со четири рачки на рамото. Слични урни се наоѓаат во гробови надвор од прстенот во некрополата I и во централниот гроб од гробната конструкција 2 во Врапче.[97]

## 3.5. Населби

До неодамна, нашето знаење за брњичката култура беше базирано на ископувања и на студии направени во педесеттите и во шеесеттите години на минатиот век, главно, во некрополи. Археолошките записи за населбите биле многу ретки. Археолошките

---

[94] Stojić M., 2000, 18

[95] Гарашанин М., 1983, 773.

[96] Trbuhović. V. 1970, каталог.

[97] Stojić M., 2000, 19; Истиоит., 2001, 29.

истражувања на овој век, во бројни населби од брњичката култура како: во Хисар, Медијана (Србија), Тица, Труда (Косово), Пелинце (Македонија) итн., ни даваат опширни податоци за населбите од оваа култура. Документирани се два вида населби на Брњичката култура: ниски населби во рамнини и населби на ридови. Населбите на ридови имаа природна заштита, но имаме случаи каде покрај природна заштита имаме и вештачка заштита направена од жителите на овие населби со ровови, палисади, камени ѕидови и слично.

Исто така, долго време и во македонската археологија немаше сознанија за населбинскиот живот периодот на премин од бронзено во железно време, т. е. периодот на транзиција. Во последните две децении во рамките на повеќе различни видови на археолошки истражувања поголем акцент беше ставен на истражувањата во рамките на населбите. Така, со ископувањата на локалитетите Скопска Тврдина во Скопје и Манастир кај селото Чашка, во непосредна близина на Велес, Пелинце и др., се добија мошне важни податоци за самиот процес на уништување на населбите од Уланци групата, но и за карактерот на населбите во преодниот период.

Во Косово населбите Карагач и Доња Брњица биле напуштени во доцното бронзено време. И двата овие локалитети во доцното бронзено време биле користени како некрополи. Со овој кризен период се поврзуваат и голем број гробници откриени во Карагач,[98] Тица,[99] Кориша, и многу други населби од бронзеното време.

Врз основа на стратиграфијата на неколку истражени населби во басенот на Јужна Морава и долината на Пчиња, може да се каже дека развојот на Брњичката културна група на оваа територија се одвивал во три хоризонти.

Најстариот хоризонт, што потекнува од крајот на средното и почетокот на доцното бронзено време, би ги опфатил протобрњичките наоди (Брњица I), со форми по потекло од север, кога се појавуваат раните брњички форми.

[98] Srejović D., 1973, 45.
[99] Gashi Sh., 2012, 86-88.

Во вториот хоризонт (Брњица II), што го карактеризира врвот на развојот на Брњичката група и ширењето на нејзината територија, кон север и кон југ, спаѓаат локалитетите во Доња Топаница, Горња Стражава, Хум, Бобиште, Прибој, Првонек, Лучане и Кршевица.

Во третиот хоризонт (Брњица III), овие населби од рабовите на котлините се повлекуваат кон внатрешноста, во планинските краеви источно и југоисточно од Јужна Морава. Тогаш доминантната улога во низинските предели во басенот на Јужна Морава ја преземаат носителите на канелираната керамика, а само мал број населби на Брњичката културна група опстануваат единствено во пасивните краеви во басенот на Јужна Морава и долината на Пчиња и, веројатно, на Косово.[100]

Некаде околу XIV век пред Христа, во басенот на Јужна Морава, се појавиле голем број ридски населби во Брњичката културна група. Причини за појава на толку голем број ридски населби за толку кратко време се несомнено заштитата на населените, комуникациска контрола (на сливот Морава и други речни зони), зачувување на природните ресурси и свети места (големи некрополи), организација на економскиот и социјалниот живот, односите со соседните заедници и, особено, се чини, со микенскиот свет.[101] Имајќи ја предвид нејзината положба, не треба да се чудиме кога сите локалитети од Брњичката културна група се во овој регион. Досега се откриени околу шеесет локалитети со материјал од Брњичката култура.[102] Најпознати се: Исар, Кале Кршевица, Кончул и др.

---

[100] А. Булатовиќ и Ј. Станковски, 2012, 374
[101] Stojič, M. 2006, 79
[102] Исто, 74

### 3.5.1. Населби во Косово

Првите податоци за населбите од бронзениот период во Косово ги имаме од ископувањата во Гладница – Приштина, Карагач, Хисар – Сува Река, Влашње – Призрен, и др.

1. Карагач

Карагач е повеќеслојна населба, каде во археолошките ископувања во 1960 – 1962 се евидентираше населба од бронзеното време, заедно со некропола од доцно бронзено време, рано железно време и римски период. Слојот од бронзеното време бил многу оштетен и од страна на подоцнежните гробови, но и од жителите на селото, односно од обработувањето на земјата.[103] Населбата Карагач била напуштена во доцното бронзено време и се користела како некропола.

2. Тица

Тица е повеќеслојна населба, каде доминира материјал од бронзениот период. Населбата е во една рамнина, каде во 2012 – 2013 Археолошкиот институт на Косово извршил ископувања. Во 2012 авторот на текстот бил дел од тимот, а во 2013 раководел со два сонди. Хоризонтот II и III се со археолошки материјал од доцно бронзено време односно железното време. Доминираат садовите со „S“ профил, складишни садови, сферични бокали со две вертикални држалки, турбан чинии (turban dish) и слично, односно материјал сличен со Брњичката културна група.

### 3.5.2. Населби во Македонија

За населбите од веќе спomenatите некрополи од преодниот период (особено од Брњичката културна група) се знае многу малку. Во Клучка Хиподром траги од населбинскиот живот се откриени на околу 200 метри северно од некрополата, каде освен

[103] Srejović D., 1973, 44

површинските наоди на праисториска керамика, не се покажува дека се работи за населба.[104] Единствени случаите каде се евидентирани населбински слоеви со материјал од Брњички тип се откриени на Скопско Кале и на Манастир – Чашка, Кокино и др.

1. Скопското Кале

Од 2007 до 2011 година беа извршени систематски археолошки истражувања во Скопското Кале. Врз основа на генералната стратиграфија за Скопската Тврдина, проф. д-р Д. Митревски јасно издвојува 10 културни хоризонти, т.е. населби врзани со различни временски периоди Кале I – Кале X.[105] Она што може да се констатира според долготрајните систематски истражувања, е дека четвртата населба е од преодниот период (односно од крајот на XIII до XI век пред Христа), во која се откриени меѓу другото и форми на т.н. Брњича керамика. Населбата била поставена на повисоките делови на калето, посебно на неговите крајни источни делови, покрај внатрешниот бедем. Оваа населба како временски, така и културно се совпаѓа со некрополата Клучка кај Хиподром.[106]

2. Манастир Чашка – Велес

Локалитетот Манастир се наоѓа во непосредна близина на селото Чашка. Истражувањата на локалитетот се одвивале во 2001 и во 2002 година. На овој локалитет се вршело биритуално погребување. Но според стратиграфската слика, која е евидентна во сите квадрати каде биле вршени археолошки ископувања, на рушевински слој со обрушени камења, плитарни тули, со дебел слој на пепел и гареж, во кој се наоѓа богат репертоар на керамички материјал, тегови, мелници, огништа, друг ситен инвентар (како кремени ножиња, игли, острачи и сл.) најдени се остатоци од животински коски (некои со траги од горење други не) што зборуваат за карактерот на културниот слој што можеме да

[104] Митревски Д., 1997, 42
[105] Исто, 2015, 22-24
[106] Исто, 2015, 22-24

го определиме како населбински.[107] Во тој слој се откриени и одделни наоди од централно балканско потекло за кои се смета дека се индикатори за продор на северни елементи или од или преку територијата на Брњичката група кон југ.[108]

### 3.5.3. Населби во Србија

Некаде околу XIV век пред Христа, во басенот на Јужна Морава се појавија многу голем број населби, особено ридски населби, со кои жителите на овие краишта се обиделе да се заштитат, да ги заштитат природните ресурси и др.

1. Лесковац – Хисар

Хисар е еден од најпознатите локалитети во Јужна Морава за целата праисторија, особено од бронзеното – железното време, односно преодниот период. А кога сме веќе кај преодниот период Хисар – Лесковац е еден од најрепрезентативните локалитети (населби) за Брњичката културна група во овој регион. Населба на ридот што го контролирала регионот на реките Јабланица и Ветерница со Јужна Морава. Првите археолошки истражувања беа извршени во 1998, кога беа откриени неколку слоеви од живот. Во најстариот слој заедно со многу керамика е откриено и еден станбен објект. Интересно е дека најтипичните форми на керамиката од брњичката култура биле пронајдени тука.[109]

2. Кале Кршевица

Локалитетот Кале се наоѓа на североисточната периферија на селото Кршевица, што се наоѓа на околу 10 км североисточно од Бујановац на природен пат што ги поврзува Пивка и јужноморавската долина. За време на археолошките истражувања од 2001 до 2003 година се евидентирани повеќе културни слоеви, но ние ќе му обрнеме внимание само на бронзенодопскиот слој со детална анализа на керамичките облици, што стилски и

[107] Јовчевска Т., 2008, 23
[108] Митревски Д., 2021, 67
[109] Stojič, M., 2006, 12.

типолошки ѝ припаѓаат на Брњичката културна група, и хронолошки на доцното бронзено време, односно на почетокот на преодниот период од бронзеното во железното време.[110]

## 4. ТИПОЛОГИЈА И ХРОНОЛОГИЈА НА СИТНИТЕ НАОДИ

На многу локалитети не само во Повардариeто каде е пронајдено керамика од брњички тип туку и во северниот дел на Грција до Тесалија, се докажува дека населението се движело од централниот дел Балканот кон микенската територија, во времето кога Брњичката културна група го достигнала својот врв. Под такви услови, културната група од железното време I b во Морава најде начини да ја напушти Долината на Велика Морава и стигнува до басенот Јужна Морава до Грделичката Клисура, несомнено предизвикувајќи движења подалеку на југ. Како доказ за напредувањето на културните групи од север од сливот на Дунав и сливот на Велика Морава не е само канелираната керамика од раното железно време, но и бронзени артефакти, како што се игли за украсување, келтски-секири, бричеви, нараквици и др., од локалитетот Хисар во Лесковац. Археолошкиот материјал од басенот Јужна Морава северно од Грделичката Клисура се карактеризира со мешање на материјалот од културата на раното железно време на заедница во Морава со традиционални форми на наситeлите на Брњичката културна група.[111]

Гробните прилози во некрополите на Брњичката група се издвојуваат според својот карактер и репертоар на наоди од другите некрополи во околните културни групи. За разлика од нив, заедниците од групата Долна Брњица не биле носители на т.н. халштатска култура. Со тоа можеме да утврдиме дека не се работи за балкански менталитет и вкус, туку за медитеранско население, што не ги прифатило вообичаените т.н. халштатски елементи, карактеристични за целиот внатрешен Балкан.[112] Без разлика дали се работи за некропола или населба, сите досега откриени наоди можеме да ги разгледуваме во четири

[110] Bulatović A., 2005, 175, 178.
[111] Stojić M., 2006, 80.
[112] Митревски Д., 2021, 118

основни категории: керамика,  накит, оружје и алатки. Ние во овој труд особено внимание ќе посветиме на гробните наоди.

### 4.1. Керамика

Керамичките наоди претставуваат најчеста категорија гробни прилози, што не ретко се зема како главен индикатор за особеностите на една култура. Кога станува збор за керамиката од Брњичката културна група, треба да се има предвид дека не се работи само за керамиката од некрополите, туку и од населбите. Облиците на керамиката од Брњичката култура се резултат на манифестации на нови елементи, карактеристични за културата на полиња со урни (Urnenfelder culture – Халштат B), со старите бронзенодопски облици од Централен Балкан.[113] Карактеристични керамички облици за Брњичката култура се садови со „S“ профилација или пехари на ниска нога, украсени со широки коси канелури на мевот, потоа шолји со дршка што има лепезесто проширување на врвот и садови (урни) во облик на крушка со вертикални лачни дршки на мевот, често во комбинација со брадавичести апликации. Еден од најкарактеристичните стилски елементи на оваа група е косо моделираниот венец со прстенесто профилиран внатрешен раб. Нов орнаментален манир е констатиран во сите региони во басенот на Јужна Морава и долината на Пчиња, потоа Вардар, сѐ до северен Егеј, а станува збор за врежани, пунктирани или втиснати мотиви на врзани ромбови, впишани или шрафирани триаголници, спирали, ленти исполнети со коси црти, линии со низи од засеци од двете страни, како и комбинации од овие мотиви.[114] Некои од овие орнаменти се исполнети со бела инкрустација.

Според својата фактура керамиката од Брњичката културна група не се разликува многу од другите бронзенодопски групи и од Медијана групата, чии основни облици се: урни што е  главната керамичка форма на оваа култура, со различни облици – високи урни, ниски урни со нагласено тело, урни со високо поставено рамо со канелирани

[113] Srejović  D., 1959/60, 118
[114] А. Булатовиќ и Ј. Станковски, 2012, 352

држалки, низок отворен сад со две држалки, сад со две хоризонтални држалки слично како скифос, бокали со една вертикална држалка и др.[115]

*Биконични садови – урни*

Најрепрезентативна керамика за преодниот период, особено за Брњичката културна група се урните. Урната како форма води потекло од средното бронзено време, како наследство на културните манифестации на групата Бубањ Хум III – Арменохори. Оваа форма во различни региони различно се манифестира, т. е. се појавуваат нејзини локални варијанти (со две држалки, со пластични додатоци, со купеста форма на врвот на држалките). Д. Срејовиќ издвоил неколку типа на урни од некрополата на Доња Брњица. Овие типови на урни, ќе се користат за аналогии за сите некрополи од оваа култура. Најрепрезентативни типови на урни се:

1. Урна со коничен врат и хоризонтален обод,

2. Урна со непрофилиран стомак со краток коничен или цилиндричен врат,

3. Ниска урна со коничен врат, со вертикални држалки.[116]

4. Како нов тип на урна Љуци ја поставува урната со краток врат и со хоризонтални држалки, за разлика од другите урни што се со вертикални држалки.[117]

Урните од типот на Брњичката култура се популарни не само на територијата определена како Брњичка културна група, туку тие се прошируваат кон југ низ течението на реката Вардар до Асирос и Кастанас, а кон исток одат до Пловдив.[118] Овој тип на урна се јавува и во Кастанас кон крајот на XV – XIV век пред Христа. Во средното Повардарие се јавува во некрополи со кремирани покојници, како во Варош *(TAB.I. 1,3)* датирана во крајот на XII и почетокот на XI век пред Христа.[119]

---

[115] Гарашанин М., 1983, 776,77
[116] Srejović D., 1959/60, 115.
[117] Љуци К., 1984, 31
[118] Bulatović A., 2011, 125
[119] Исто, 129

Брњичките урни се констатирани и во некрополите во: Стоби, Штип, Чашка, датирани во периодот од XII – XI пред Христа,[120] како и во Горно Повардарие како во Клучка, датирани во XII – XI пред Христа *(TAB.1. 2)*. На локалитетот Хиподром овој тип на аморфни садови – урни има по четири крстесто распоредени држалки вертикално поставени на рамото, а поретко се среќаваат амфори со јазичести држалки (гроб 4) или хоризонтално поставени држалки (гроб 9).

Биконичните садови – урни од Клучка припаѓаат на првиот тип на урни од Доња Брњица, и тие можат лесно да се следат низ стратиграфијата на преисториските населби во Долно Повардарие.

Во Орешани биле откриени два поголеми биконични сада употребени како урни (*TAB.I,6;TAB.II,1)* од кои едниот со четири, а другиот со две вертикални држалки, потоа два биконични сада – шолји со широко отворено устие и со две вертикални држалки што го надвиснуваат работ, употребени како капаци за затворање на урните (TAB.V, 7) и еден помал сад со сплескано топчесто тело.[121]

Урните со четири лентести држалки од некрополата Мали Дол како и од Орешани имаат северно потекло, и припаѓаат на првиот тип на урни од Доња Брњица, односно тип Зе2 од Кастанас, што има широка застапеност од слој 18 до слој 12, и се констатирани во најстарите слоеви од населбата Медијана кај Ниш.[122]

Во Косово урните од Улпијана се слични со урните од првиот тип од Доња Брњица.[123] Исто така, урните од некрополата на Граштица имаат директни аналогии со урните од Доња Брница.[124] Во населбата од доцно бронзеното време – Тица, insitu беа ископани 14 садови *(TAB.VI; TAB.VII*), урни, чаши, капаци и др. Некои од овие садови урни, имаат директна аналогија со урната од Варош. Во Бугарија овој тип на урна го имаме во Пловдив *(TAB.I, 5)* и во Сандански.[125]

---

[120] Митревски Д., 1997, 48
[121] Киро Р., 2016, 83
[122] Митревски Д., 1997, 52
[123] ТомашевиЋ Г., 1983, 74.
[124] Mehmetaj H., 1993, 51-54
[125] Bulatović A., 2011, 129

*Длабоки чинии – капаци*

Многу често овие садови се доволно широки и длабоки за да го покријат и да го затворат отворот на урната. Како и урните и садовите што се користеле за капаци на врвот на држалките имаат пластични додатоци со конусна форма како што е со примерот од Мали Дол *(TAB.IV, 1-3)* и Орешани *(TAB.V, 7).* За разлика од нив, примероците од Хиподром се со извлечен обод со вертикални држалки што го надвиснуваат ободот, слични се како од Брњичката група, но за разлика од локалитетот Доња Брњица *(TAB.V, 4)* и Карагач *(TAB.V, 8)* каде биконичните урни имаат пластични конични додатоци, урните од Хиподром *(TAB.V, 6)* имаат печуркести додатоци, што ќе стане многу популарен мотив за македонската железнодопска грнчарија. Многу често капаците за урни имаат „S“ профилација на телото или скифосоидна форма, што водат потекло од доцно микенската керамика.[126] Еден од најважните наоди е капакот од гроб 4 од Хиподром, поради тоа што потеклото на оваа форма е од доцно микенската грнчарија, но исто така многу често се појавува и во бронзеното време во Централен Балкан, слично како во Варош, Доња Брњица, Карагач и др.[127]

*Садови со „S“ профилација*

Садовите со „S“ профилација *(TAB. III, TAB. V)* имаат поширок заоблен мев, потесен дел во висина на рамењата и левкаст врат, што на профилот на садот му дава облик на буквата S. Профилацијата може да биде поизразена или поблага, со остри или со заоблени преоди. Многу популарна форма каде понекогаш се користеле и како капаци за урни. Садовите со „S“ профилација се развиле во бронзеното време, а во текот на преодниот период овие садови се јавуваат со печуркести додатоци во горниот дел од држалките. Во иста форма се јавува, наместо со печуркести со јазичести додатоци на највисокиот дел од држалките, што за разлика од оние печуркести додатоци се врзуваат за погребувањата со инхумација, некрополите од типот Уланци. Овие појави се ново за домашната македонска култура и се дојдени од север по долината на Морава.[128] Овој тип на садови е констатиран на локалитетите од доцното бронзено време во Нишкиот регион

[126] Митревски Д., 1994, 124; Исто., 1997, 48
[127] Srejović D., 1959/60, 116; Митревски Д., 1994, 124
[128] Митревски Д., 1997, 48.

(Медијана, некрополата во Доња Топаница), но далеку најбројни се на југ во басенот на Јужна Морава и во Пчињската Котлина (населбите во Бобиште, Живково, Хисар, Кончуљ, Лучане, Свињиште, Кршевица и Руѓинце; некрополата во Врапце; светилиштата во Кокино и Пелинце), [129] како и во Косово (Тица, Хисар, Добратин). Овој тип на садови со „S“ профилација нема многу подваријанти, но некогаш вратот може да биде поширок, или дното да има кунусна форма.

*Чаши*

Чашите претставуваат многу чест наод во нашите некрополи, како во оние со кремирани така и во оние со инхумирани покојници. Најчесто имаат биконични или конични тела, со една вертикална држалка, што го надвиснува ободот.[130]

*Кантаровидни садови*

Кантаровидните садови или длабоки чаши со две вертикални држалки се една од најчестите форми. Во Клучка Хиподром таквите садови се многу интересни со топчесто тело, мал врат, често декорирани со инкрустација (*TAB.X,2)* што е карактеристично за доцното бронзено време на Балканот.[131] Во Тица – Косово доминираат кантаровидните садови со две вертикални држалки што го надвиснуваат ободот, сличен материјал како во регионот на Јужна Морава, Доња Брњица, Скопското Кале, Кокино и др.[132]

*Чинии*

Во некрополите и во населбите од бронзениот и од преодниот период најинтересните садови се чиниите со вовлечен и косо канелиран обод т.н. турбан чинија (turban dish), и чиниите со хоризонтално канелиран или фацетиран обод.[133] Чиниите со

[129] А. Булатовиќ и Ј. Станковски, 2012, 234.
[130] Митревски Д., 1997, 49
[131] Истиот.,1994, 122
[132] Археолошка карта на Косово 2, 2012, 87
[133] Митревски Д., 1997, 49

конусен профил и фацетирани или канелиран раб се евидентирани на територијата на јужниот дел на Централна Европа и целиот Балкански Полуостров.[134]

Во Србија, особено во долината на Јужна Морава ваков тип чинии се откриени во слој I и II на населбата Медијана кај Ниш што се датира е во периодот B/D – Ha/A1 според Рајнеке (Reinecke) и некрополата Белегиш на, што одговара на HaB според Рајнеке, или 1000 г. пред Христа[135], но и во калето Кршевица, каде според Булатовиќ овој тип садови ѝ припаѓа на раната фаза на брњичката култура.

Во Македонија се смета дека овој тип керамика *(TAB.X,1)* е од северно потекло, бидејќи го нема во претходната култура на бронзеното време во Македонија. Според археолозите, појавата на овој тип керамика во ова време е доста јасен показател за т.н. Големи егејски преселби, чии носители ги срушиле доцно бронзенодопските населби по Долен Вардар.[136] Овие чинии ги има многу во населбите од доцно бронзено – рано железно време во Косово (Насале, Бадовац, Добратин и др.).

### 4.2. Накит

Накитот во брњичките некрополи од крајот на бронзеното време и почетокот на железното време е слабо застапен. Иглите се еден интересен наод што не ретко го среќаваме во населбите и во некрополите од преодниот период.

Игла со конична глава од Горња Стражава има директни аналогии во некрополи во Косово *(TAB. VIII, 1,2)* како во Доња Брњица и во Игларево.[137] Овој тип игла пронајден во Доња Брњица како прототип ја има иглата од доцно бронзено време во Грција.[138] Игла со едноставна спирална глава од Горња Стражава[139] и со двојна спирала од Доња Топаница[140]

[134] Bulatović A., 2009, 91
[135] Гарашанин М., 1983, 761
[136] Митревски Д., 1997, 52
[137] Luci K., 1998, 165 fig.2
[138] Srejović D., 1959/60, 120
[139] Krstić Д., 1992, T. IX/5
[140] Trbuhović V., 1970, fig. 20

имаат аналогии со иглите од Глоговиќ, Граштица и Игларево[141]. Овој тип игли го среќаваме со неколку примероци и во населбинскиот слој на локалитетот Манастир – Чашка.[142]

### 4.3. Оружје

Металните предмети, главно оружјето, во гробовите од предниот период ги наоѓаме секогаш изработени од бронза. Од една страна, даваат податоци за социјалниот и општествен статус на сопственикот, а од друга страна, зборуваат за врските со соседните заедници. Откриените предмети на оружје од крајот на бронзеното време особено ја одразуваат деструктивната моќ на заедниците што ги уништиле заедниците по долината на реката Вардар. Генерално тоа зборува за освојувачките походи на северните заедници што ја уништиле доцно бронзенодопската култура во Р. Македонија.[143]

Сите културни групи излезени од ватинскиот комплекс како Белегиш, Параќин и Брњичката група, користеле железни предмети.[144] Без никакво сомнение има докази дека културните групи Белегиш и Параќин употребувале железни објекти, додека Брњичката културна група го произведувала овој метал во почетните фази на својот развој, околу XIV век пред Христа.[145] Според Стојиќ, оваа е потврдено во Хисар – Лесковац.

Во некрополата на Доња Брњица бил пронајден еден меч *(TAB. IX, 4)* во еден гроб со инхумиран покојник, мечот е од типот „ројтлинген“ (Reutlingen), што се датира во Ha A.[146]

Врвовите од копја се мошне ретко присутни меѓу движните наоди на локалитетите од преодниот период. На локалитетот Манастир бил откриен еден врв од копје со пламенеста форма и две симетрични крила со тулец на кој бил прицврстен дрвениот дел

---

[141] Luci K., 1998, 167 fig.4,5
[142] Папазовска А., 2015, 105
[143] Папазовска А., 2015, 106
[144] Stojič M., 2006, 79
[145] Stojić M., 2006a, 105-110
[146] Srejović D., 1960, 95, sl. 8; Филиповић В. 2015, 96, 118

од рачката на копјето.[147] Ваков тип копја биле пронајдени и на некрополите Горња Стражава и Доња Брњица каде се датирани во На А според Рајнеке, односно 1200 – 1100 година пред Христа.[148]

Исто како врвовите од копја ретко се среќаваат и примероци на врвови од стрели. Во некрополата на Доња Брњица ги има во две варијанта: со рамна основа или со трн.[149] На локалитетот Манастир откриени се два врва на стрела. Едниот примерок е со мали димензии со три крилца и извлечен трн, не е добро хронолошки и типолошки опиплив за паралели.[150] Примерокот што има поголеми димензии најблиски аналогии има со сличен примерок од оставата кај Свилош што е датиран врз основа на другите наоди на преминот од На А во На В односно околу 1100 година пред Христа.[151]

Шлемот од Клучка *(ТАВ. VIII, 3)* е наодот што го привлече вниманието на македонската научна јавност со наодите од некрополата Клучка, е секако гробниот прилог на шлем направен од обработени заби од очници од дива свиња,[152] тип на познат микенски шлем, познат од деталниот опис на Хомер, како и од бројните илустрации од микенската уметност.[153] Во согласност со горните и со долните перфорации на забите, како и врз основа на аналогии на слични примероци во Грција, проф. Митревски ја одредил основната форма на шлемот и неговите димензии. Секако се работи за луксузен производ, за кој за да се изработи биле потребни 30-40 пара од очници од дива свиња. Вакви наоди се добро познати од хеленскиот свет и тоа во периодот на Late Helladic I и Late Helladic II, датирани во XVI-XIV век пред Христа.[154]

---

[147] Јовчевска Т., 2008, 100-101,Т.XXVII-2
[148] Srejović D., 1959-1960, 121;T.V,6
[149] Гарашанин М., 1983, 761
[150] Јовчевска Т., 2008, 100-101,Т.XXVII-7
[151] Исто,Т.XXVII-8
[152] Митревски Д., 1995, 73
[153] Taylor W., 1983, 139
[154] Митревски Д., 1995, 73

## 4.4. Алатки

Најзначајните наоди од гроб 7 во Клучка Хиподром се лабрисот *(ТАВ. X, 3)* и бричот. Самата идеја за тоалетни реквизити (брич и острач) во машките гробови своите корени ги има уште во раните фази на егејското бронзено време, а како и многу други појави, кон крајот на бронзеното време стигнуваат во Македонија, каде што го продолжуваат својот развој и во текот на следното железно време.[155]

[155] Исто., 1994, 121,122; Исто, 1997, 61

# 5. ОДНОСОТ НА БРЊИЧКАТА КУЛТУРА СО ДРУГИТЕ КУЛТУРИ

Кон крајот на раното бронзено време и низ средното бронзено време ватинската култура беше доминантен феномен на централниот Балкан. На крајот од средното бронзено време, на оваа територија се појавуваат различни групи поврзани со ватинската традиција, но и со нови елементи: групата Белегиш во јужна Војводина и во северна Србија, групата Параќин во централна Морава и групата Доња Брњица на југ. Сите овие групи го практикувале кремирањето како главен погребен ритуал.[156] Голем број истражени локалитети овозможува да се набљудуваат регионалните карактеристики во развојот на Брњичката културна група. Врз основа на керамиката, се идентификувани неколку регионални единици:

1. Косово со регионот Рашка и Пештери.

2. Зоната на Јужна Морава и на Западна Морава со мешање на Брњичката и Параќинска културни групи и мешање од елементи на Брњичка културна група со културна група од железното време I а–b од сливот на Велика Морава.

3. Лесковачко-нишкиот регион што се карактеризира, по почетната фаза, со симбиоза, а подоцна и интеграција, на Брњичка културна група со етнокултурниот комплекс на железното време Ib во Поморавјето.

4. Регионот на Јужна Морава со Пчиња и горно Повардарие, се карактеризира со специфичен инвентар од брњичката културна група. На другите делови од Балканот каде што е пронајдена керамика од типот на Брњица, како во во Благоевград, Пловдив и во неколку локалитети во Грција покажуваат до каде достигнало влијанието на Брњичката културна група во периодот XIII-XII век.

[156] Vasić R., 2010, 173.




*Карта 2. Териториите на Белегиш, Параќин и Брњичката група, според Васиќ, 2010*

### 5.1. Брњичката културна група во однос на Параќинската група

За хронолошките и за културните односи меѓу овие две групи постојат различни мислења. Според некои, станува збор за хронолошки издвоени култури, а според други, некои наоѓалишта од Параќинската културна група ѝ припаѓаат на брњичката култура.

Сепак има мислења дека овие две групи се една култура, но со различни фази: рана фаза со некрополите и населбите од параќинската култура, и млада фаза од брњичката култура.[157] Аналогијата и сличностите меѓу брњичката култура со параќинската освен во гробните конструкции и начинот на погребувањето, се забележува и во типологијата на керамиката, што значи дека овие две групи биле во постојани односи меѓу себе.[158]

Никола Тасиќ има друго мислење. Според него, имајќи ја предвид територијалната расподелба на Параќинската културна група (Големата Морава, дел од Јужна Морава и источна Србија), оваа територија не се совпаѓа со територијата означена како Брњичка култура.[159]

### 5.2. Брњичката културна група во однос на Белегиш групата

Како што истакнавме погоре, варијанта од Ватинската група е и Белегиш културната група. За населбите од оваа културна група не се знае многу, но за некрополите имаме доста информации. Покојниците се кремирани надвор од гробот, а гробовите биле без гробна конструкција, пепелот бил ставен во урна. Урните биле биконични, со цилиндричен врат. Има случаи каде пепелот е положен директно на земја, без урна.[160]

### 5.3. Брњичката културна група во однос на Повардарската (Уланци) група

Почетоците на доцното бронзено време се поврзуваат со навлегувањето на првите микенски наоди на овој дел од Балканот.[161] Крајот на доцното бронзено време во Р. Северна Македонија генерално временски се поврзува и со бројни миграции и движења, што делумно се поврзуваат и со влијанието што го имаат во уништувањето на микенската

[157] Тасић Н., 2001, 9
[158] Stojić M., 2000, 24
[159] Тасић Н., 2001, 10
[160] Vasić R., 2010, 174
[161] Митревски Д., 2003, 11

цивилизација. Она што е интересно е дека по нејзиниот пад многу од микенските културни придобивки продолжиле да егзистираат и да се развиваат на север од нејзината главна територија. Во Македонија најрепрезентативен пример за влијанијата од југ е т.н. Уланци културна група. Повардарската или Уланци културата била формирана на основите на локалната бронзенодопска традиција, но најзначајниот нејзин белег, по што се издвојува од другите соседни групи на тоа време, е нејзината отвореност за влијанијата од југ, од доцномикенската култура.[162]

Оваа група се формирала по долината на реката Вардар и нејзините притоки, во регион отворен кон северниот егејски брег и кон тамошните микенски колонии или трговски станици. Со првите микенски наоди по долината на Вардар само бил трасиран патот за формирање на Повардарската група, односно групата Уланци, која била конечно физиономирана и непречено се развивала во текот на XIII и на XII век пред Христа.[163] Неколку елементи во погребувањето што се резултат на придобивките од егејското бронзено време имаат значајна улога во развојот на Уланци групата. Тоа се: инхумација како погребен ритуал каде телото на покојникот било положено во згрчена положба, во гробни конструкции на камени цисти, и присуство на карактеристична керамика сликана со мат декорација (направена по урнек на микенската керамика) и локални копии на микенски форми на садови. Во согласност со објавените наоди, можеме да констатираме дека во рамките на групата биле формирани неколку воедначни елементи што ја карактеризираат. Така, се забележува дека сите погребни елементи, како организација на некрополите, гробните прилози или вонгробните наоди како дел од ритуалните дејства, биле канонизирани. Благодарение на резултатите од истражувањата на некрополите Димов Гроб и Водовратски Пат имаме јасна слика за погребните форми и ритуали кон крајот на бронзеното време карактеристични за Уланци групата, отсликувајќи стабилен и мирен развој на заедницата ѐ до последните најмлади погребувања.[164]

Уланци групата мирно се развивала во идеални услови без никакви надворешни опасности во текот на XIII и на XII век пред н.е. За тоа најдобар сведок се добро

[162] Митревски Д., 2013, 183-188; Истиот., 2021, 113
[163] Исто, 2013, 183
[164] Исто, 1997, 35-41

организираните и унифицирани некрополи, каде е евидентно отсуството на вистинско оружје. Сето тоа зборува дека локалните заедници од крајот на бронзеното време по долината на Вардар не биле вмешани во првите бранови на т.н. „големи егејски преселби“ од крајот на XIII и почетокот на XII век пред н.е., или во оние настани што се поврзуваат со пропаѓањето на микенските центри. Кон крајот на XII или на самиот почеток на XI век пред н.е., започнале немирни времиња со продори на заедници од северен и од централен Балкан по Моравско-вардарската долина кон југ. Овие продори биле проследени со перманентни деструкции, кои најдобро се документирани во неколкуте последователно спалени слоеви на долновардарските населби, како што се: Кастанас, Вардарофца, Вардино. [165] Овие настани биле причина за крајот на Уланци групата, но и на целиот бронзенодопски развој. Станува збор за носителите на Брњичката културна група, кои освен археолошкиот материјал донесоа и нов начин на погребување во урни.

[165] Митревски Д., 2013, 187.

# 6. ДАРДАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КАКО НОСИТЕЛИ НА БРЊИЧКАТА КУЛТУРА

Врските што постоеле меѓу балканското копно и северозападните делови на Мала Азија водат до заклучок дека во двете насоки имаше миграции.. Кон крајот на XIII и на XII век пред Христа, големи етничка преселби го зафатиле поголемиот дел од Југоисточна Европа и многу делови од Југоисточна Азија. Тоа е време со немири кога богатата Троја паѓа под ударите на Ахајците. Археолошките наоди покажуваат дека во тоа време во целиот егејско-анадолски простор се прекинува дотогашниот развој на високи цивилизации и нивна замена со примитивна материјална култура. Импулсот на овие движења дошол од северниот дел на Балканот и од таа причина во современата наука се смета дека во времето на таа егејска преселба тие биле различни народи од Балканскиот Полуостров – Меси, Фриги, Дарданци, што се населиле во Мала Азија.

За причините што ги натерале Дарданците делумно да се иселат, некои во Мала Азија, други на запад, во Италија, се само претпоставки. Веројатно поради нови доселеници. На Балканскиот Полуостров овие преселби почнуват приближно во XII век, на преминот од бронзеното доба во Халштат. Ако ги сметаме Илирите како носителите на халштатската култура тогаш можеме да сметаме дека Илирите ги потисна Дарданците.

Но, тоа тешко може да биде вистина. Затоа што кога по половина милениум Дарданците повторно ќе се појават во историските извори, овој пат како историски докажан народ во централниот дел на Балканот, тие се поврзани со Илирите. Илирски елементи биле забележани и кај Дарданците од Мала Азија. Затоа поубедлива е тезата според која Илирите му припаѓале на најстариот индоевропски слој на Балканскиот Полуостров и дека се работи за единствена бронзенодопска култура во средниот дел на Балканскиот Поулостров. Според тоа, и Дарданците би можеле да им припаѓаат на овие индоевропски народи, иако постои и мислење дека Дарданците биле автохтоно население од прединдоевропските преселби.

За носителите на Брњичката културна група има различни мислења, слично речиси за сите културни манифестации што се појавија кон крајот на бронзеното време и почетокот на железното време на Балканот. Етничката припадност на носителите на Брњичката културна група не можеме лесно да ја определиме. Особено ако се има предвид преодниот период, што се карактеризирал со многу немири, преселби и движења на народите во секој правец. Подолу ќе ги истакнеме најпознатите тези во врска со етничката припадност на носителите на Брњичката културна група.

Според М. Стојиќ, Брњичката културната група позајмила низа керамички форми од културната манифестација означена како хоризонтот Мојсиње-Добрача (Ватинска група), урни во облик на крушка, чаши со една или со две триаголни држалки што се прошируваат до работ, чаши со профил „S“ и други форми. Трансформацијата на хоризонтот Мојсиње-Добрача во културните групи Брњичката културна група, Белегиш, во Моравскиот басен траела кратко и била под влијание на микенската цивилизација до крајот на XIII век пред Христа.[166]

Според М. Гарашанин, Брњичката културната група била карактеризирана како последна фаза од долгата еволуција следена во текот на бронзеното време, тесно поврзана со балканско-дунавскиот комплекс и со Дако-мизејски елементи. Така оваа група може да се идентификува со неилирската компонента во дарданската етногенеза.[167]

Според Д. Срејовиќ, оваа нова култура, што била широко распространета, еволуирала од Параќинската култура. Биритуалните погребувања во оваа култура се вршеле во рамни некрополи со урни, што биле опкружени со камени градби како во Доња Брњица, Клучка, Стражава, Топаница, Маџилка,и др. На крајот во рамките на овој културен комплекс се издвоиле две етнички култури: североисточната дакомезеска култура и југозападната протоилирска култура, познати по тумуларните погребувања.[168]

Елементи на далечни, туѓи култури, како што се урни од типот гава од Брзи Брод и од Горња Топаница, бронзени мечеви од типот нојзингер од Големо Село и од Долна

[166] Stojič M., 2006, 78.
[167] Гарашанин М.,1983, 778; Исто, 1988, 47,48 .
[168] Tasič N., 1997, 12,13.

Брњица,[169] или бронзениот меч и ножевите од микенскиот тип што биле пронајдени во Игларево,[170] покажуваат дека туѓи етнички групи поминале низ Косово и јужниот дел на долината Морава на неколку наврати во периодот меѓу XIII и X век пред Христа. Спорадичниот карактер на овие наоди, сепак, покажува дека туѓинците не останале долго во овие области. Од друга страна, на гробиштата од типот во Долна Брњица покажуваат дека рамнотежата во локалната културата била обновена веќе околу почетокот на првиот милениум пред Христа и дека домородците останале на нивна почва во последните векови од вториот милениум.[171] Колку Брњичката култура им должи на привремените жители од периодот меѓу XIII и XII век пред нашата ера сè уште е тешко да се процени. На тоа го покажуваат гробовите од Долна Брњица и од Игларево споменати погоре. Туѓинците практикувале инхумација и не поставувале глинени садови во близина на закопаните тела. Некрополите од типот Долна Брњица се карактеризираат, сепак, со ритуали на кремирање, со забележлив недостиг од метални предмети и од гробни предмети што се состојат претежно од глинени садови. Овие податоци, како и фактот дека само индивидуални, осамени гробовите се познати од периодот меѓу XIII и X век, покажуваат дека туѓинците не биле вклучени во староседелците заедници. Стабилизацијата на локалната брњичка култура веројатно е постигната дури на почетокот на првиот милениум пред Христа кога туѓинците исчезнуваат во времето на големата егејска миграција.

Во периодот меѓу X и VIII век пред Христа во Косово се оживуваат традициите на локалната култура од бронзеното време и поголемиот дел од регионот Морава, што е знак за релативно мирни времиња.[172] Колку долго траел овој период, или кога и во кои области бил прекинат, сепак, е многу сложено прашање. Ако датирањето предложено од В. Трбуховиќ за некрополата од Доња Топаница се прифаќа, произлегува дека брњичката култура непрекинато се развивала до римското освојување на дарданските територии.[173]

Според Х. Мехметај, богатите и разновидни материјали од доцното бронзено време, односно фазата на преминот од бронзено во железно време, можат да се наречат со

[169] Srejović D., 1959—1960, fig. 8
[170] Luci K., 1998, 129
[171] Srejović D., 1973, 49-51
[172] Исто
[173] Trbuhović V., 1970, 13-42

заедничко име: Дарданска култура на Доња Брњица. Главна карактеристика на брњичката култура е закопувањето на изгорените трупови и поставувањето остатоци од коски, орнаменти и сл., во керамички урни. Според него, откривањето на скелетните гробници ќе послужи како важна алка во нераскинливиот развој на дарданската култура, барем од почетокот на средното бронзено време до фазата на премин од бронзено во железно време.[174]

А. Бунгури, не се согласува со Мехметај и други истражувачи. Тој смета дека Брњичката култура не е проширена во Западно Косово (Дугаѓин). Исклучок е понекоја ретка појава на елементи од оваа култура, како во: Рогово, Перчево и др. Брњичката култура, што е поврзана со културата на полињата со урни на Европа и панбалканскиот продор од XIII – XII век пред Христа во областа Дугаѓин не ја променила автохтоната дарданска култура на овој регион и покрај нејзините периферни влијанија. Тие се изолирани појави во времето и просторот, што не донеле некоја значајна промена во илирската културна и етничка структура на автохтоното дарданско население.[175]

Д. Ѓорѓиевски, опишувајќи ги слоевите од Градиште – Пелинце, смета дека археолошките истражувања извршени во регионот каде Брњичката културна група била присутна можат да ни дадат добри заклучоци во врска со носителите на таа култура. Ако претпоставиме дека духовната култура е многу поиндикативна од материјалната култура, потоа различните видови погребувања регистрирани во Пчињската котлина и Врањско-бујановачкиот регион – инхумација под тумули или рамни некрополи[176] и на оние регистрирани на Косово со кремирање[177] е уште еден аргумент дека имало најмалку две различни културни групи во посочениот регион.[178] За разлика од тумуларното погребувања во Стрновац,[179] стојат, речиси современи, некрополата со кремирани покојници од Хиподром, Скопје[180] и од Западната некропола во Стоби.[181] Но, повторно,

---

[174] Mehmetaj H., 1995, 59
[175] Bunguri A., 2006, 35,36
[176] Трајковска Л., 1994, 19, сл. 4; Булатовић А., 1996–1997, 5–14; Станковски Ј., 2006, 93–114; Исто, 2008, 135-152
[177] Тасић Н. 1999, 172–184; Luci K., 2007, 347–359
[178] Булатовиќ А., 2009, 64
[179] Станковски Ј., 2008, 135–152
[180] Митревски Д., 1994, 115–124

освен погребниот ритуал со кремирање (што е вообичаено за средноевропската урнфилд култура), нема типолошки карактеристики на брњичката култура. Ова говори дека досега има голем недостаток на аргументи за вклучување на заедници од Пчиња и од Горновардарски регион меѓу носителите на Брњичката културна група и со тоа со Дарданците.[182]

Професорот Драги Митревски мисли дека Дарданците се со потекло од Троада, имајќи ги предвид записите од Хомер и други антички автори. Наспроти тоа, во науката најчесто е мислењето дека се работи за стар балкански народ, што со големите етнички движења се преселил во Мала Азија, а Хомер само го вклучил во неговата поетска креација за Тројанската војна.[183] По падот на Троја, Дарданците повеќе не се спомнуваат во Мала Азија, а во истото време, на Балканот, на територијата долж Јужна Морава и во Источно Косово, се појавува една нова културна група, што се разликува од околните балкански култури. Во археологија оваа култура е именувана е како група Доња Брњица. Основните белези на таа култура во добра мера зборуваат дека била востановена од население дојдено однадвор, и тоа од егејската област, особено ако се има предвид дека ритуалот на погребување во урна бил поблизок до малоазиските отколку до централнобалканските обичаи на погребување.[184] Други истражувачи семетат дека балканските и малоазиските Дарданци се два различни народа без меѓусебна поврзаност.

[181] Исто, 1997, 313
[182] Киро Р., 2016, 15,16
[183] Митревски Д., 2021, 11
[184] Истиот., 2021, 117

# 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Доцното бронзено време на Балканот претставува специфична појава, во која се евидентни од една страна, ширењето на микенските влијанија од југ, а од друга културните елементи од север. Овие влијанија особено биле изразени во регионите каде комуникациите биле непречени, како што е долината на реките Вардар – Морава. Со влијанијата што дошле од југ во Македонија била формирана културната група Уланци или Повардарска група, додека во Косово егејско влијанија имаме само во неколку случаи како во Игларево.

Во преодниот периодот она што е евидентно се големите немири, преселби, особено настанати со вториот бран на егејските преселби. Со него дефинитивно бил прекинат дотогашниот развој втемелен на доцно бронзенодопските културни вредности и традиции. Во време на немири и влијанија на нашата територија се развила една нова културна група наречена Брњичката културна група. Со вториот бран на преселби, централнобалканската или јужноморавската културна – Брњичка група, се шири на југ, поради што се третира како општ централнобалкански културен комплекс.[185]

Брњичката културна група во басенот на Јужна Морава, но веројатно и во другите региони, произлезе од ватинска основа. Влијанијата од микенската цивилизација, одигра значајна улога во појавата на овие културни групи (и други врз основа на групата Ватинска: Параќин, Жуто Брдо и Белегиш). Првите две развојни фази на Брњичката култура (Брњица I, Br C – Ha A1, приближно XIV –XII век пред Христа) се карактеризираат со продолжување на влијанието од микенскиот свет, додека развојот во текот на последните две фази (Брњица II, почеток на Ха А2 – почеток на Ha B1, приближно XI – X век пред Христа) на оваа група на југ и веројатно и во други делови на долината на Морава се одликува со постојано зголемување на влијанието и ширењето на Белегиш – Гава.[186]

Кремирањето како еден од феномените во праисторијата, во последните децении сѐ почесто го привлекува вниманието на истражувачите. Овој ‘нов’ начин на погребување е

[185] Митревски Д., 1995, 85
[186] Stojić M., 2000, 29

регистриран и истражуван во повеќе региони од централна Европа, како и во регионот на Балканот: особено во Косово, Србија, Македонија, Бугарија па и Грција. Иако сè уште недостасуваат продлабочени истражувања на оваа тема, особено за населбинскиот живот направени се обиди да се објаснат и да се презентираат најкарактеристичните обележја на материјалната кутура од оваа група. Покојниците од некрополите со кремација најпрво биле кремирани на спалиште заедно со гробните прилози каде гореле на силен оган, за што ни сведочат ситните остатоци од кремирањето и чистиот пепел и гареж во некрополата Клучка, Мали Дол, Доња Брњица и др. Врз основа на слабата деформираност на коските, антрополозите заклучиле дека биле природно ладени, односно биле оставани на спалиштето сè додека не биле потполно изладени.[187] Потоа биле собирани најдобро сочуваните скелетни остатоци и грижливо миени. Така исчистени од пепелта заедно со личните предмети и прилози, скелетните остатоци биле ставани без никаков ред во керамички садови со амфороидна форма кои имале функција на урни. Како капаци биле користени други садови, со широк отвор на работ на устието и со кантароидна форма. По правило, урните биле полагани во јами, вкопани во здравицата, а во повеќето случаи околу нив биле формирани специјални заштитни конструкции од толоидно редени камења.

Ширењето на оваа културна група во Македонија се забележува преку некрополите Хиподром, Мали Дол, Орешани и многу други со најјужна нејзина манифестација во некрополата Палио Гинаикокастро (Palio Gynaikokastro) кај Кукуш со кремирани покојници, каде биле откриени вкупно 370 погребувања, датирани во периодот од XI – IX век пред Христа. Оваа некропола важи за најдобар индикатор со кој се потврдува продорот на населението од северен и од централен Балкан кон југ. Погребувањето со кремирање на територијата на Македонија се појавува исклучиво во преодниот период и како ритуал се користи сè до почетокот на раното железното време, кога целосно исчезнува и инхумацијата ја презема доминантната улога како единствен погребен ритуал, за разлика од соседните региони каде овој начин на погребување продолжува да се користи и во железното време. Носителите што го практикувале ритуалот со кремирани покојници во Македонија се сметаат како рушители на неколку бронзенодопски центри по

[187] Митревски Д., 1995, 33-34

Вардар. Исто така и во соседна Грција, кремацијата ќе продолжи да се употребува низ целото железно време т. е. до геометрискиот период.[188] Од друга страна, кремацијата е нешто што е сосема непознато во микенскиот свет (освен неколку изолирани појави), па така нејзината појавата во XI век пред н.е. во Атика, претставува индикатор за продор на северни балкански обичаи на темното време (Dark Age) во Грција. Некои автори дури ја поврзуваат појавата на кремацијата со доаѓањето на Дорците.[189]

---

188 Snodgrass A.M., 1971, 179
189 Исто, 184.

TAB. I




Урни од тип I : 1,3. Варош; 2. Клучка; 4. Врапце; 5. Пловдив, 6. Орешани

TAB. II




Урни од тип I : 1. Орешани; 2. Улпиана; 3,4. Доња Брница; 5. Клучка, 6. Граштица

TAB. III



Урини од Доња Брница 1980

TAB. IV



Урини од Мали Дол -Тремник

TAB. V




Капаци: 1-3. Мали Дол; 4. Д. Брњица, 5. Д. Топаница; 5,6 . Клучка; 7, Орешани; 8 Карагач; 9. Хисар

TAB. VI



Тица - Косово

TAB. VII



Тица - Косово




Накит и ситни наоди: 1. Игрларево; 2-5. Доња Брница; 6 . Хиподром - Клучка.

TAB. IX




Мечови; 1-5 Игларево, 4 Доња Брница

TAB. X



1




2



3

Клучка Хиподром




*Карта 3. Локалитети од доцно бронзено време со елементи на Брњичката културна група*

*1. Пирот (Мацилка), 2. Медијана, 3.Горња Стражава, 4. Доња Топаница, 5. Пловдив, 6. Кастанас, 7. Тумба Кравари, 8. Тумба Мецитлија, 9. Кокино Кале 10. Кршевица. 11 Карагач, 12. Граштица, 13. Рогово, 14. Игларево, 15. Тица, 16. Кориша. 17 Улпијана*




*Карта 4. Локалитети од преодниот период на Брњичката култура: 1. Пирот (Маџилка), 2. Медијана, 3. Горња Стражава, 4. Доња Топаница, 5. Лесковац (Хисар), 6. Тогочевац, 7. Врапце, 8. Делимеџе, 9. Дојевиќи, 10. Латинско гробље, 11. Тенеш дол, 12. Граштица, 13. Доња Брњица, 14. Белачевц, 15. Игларево, 16. Рогово, 17. Кале Кршевица, 18. Кокино, 19. Скупи, 20. Клучка, 21. Стоби, 22. Чашка (Велес),23. Мали дол, 24. Тумба Меџитлија, 25. Тумба Кравари, 26. Кастанас, 27. Сандански, 28. Пловдив, 29. Тица*

БИБЛИОГРАФИЈА -

**Babić, 2002**. Princely Graves' of the Central Balkans - a Critical History of Research, *European Journal of Archaeology, Vol. 5, Issue 1,* 70-88

**Berisha M., 2012**:  Guidë Arkeologjike e Kosovës, Prishtinë

**Благоја К., 1987**. Еден прилог за бронзеното време во Пелагонија, *Macedoniae Acta Archaeologica 7-8.*Skopje, 31-38

**Bunguri, A., 2006**. Pellgu i Drinit të Bardhë në prehistori, *Harta Arkeologjike e Kosovës I*. Prishtinë, 27-57

**Bulatović A, Filipović 2015**. The Morava Valley in the Late Bronze and Early Iron Age - changes in topography and material culture, Fortification: The Rise and Fall of Defended Sites in Late Bronze and Early Iron Age of South-East Europe, *International Conference in Timisoara*, Romania. 149-160

**Булатовиќ А.,  Станковски Ј., 2012**, Бронзано Доба у басену Јужне Мораве и у долини Пчиње.

**Bulatović A., 2005**. Keramika brnicke kulturne grupe i starijeg gvozdenog dobasa nalazista Kale u Krsevici, *Zbornik Narodnog Muzeja u Beogradu*, Београд, 175-189

**Bulatović A., 2009**. Poreklo i distribucija blagobikoničnih zdela fasetiranog ili kanelovanog oboda sa kraja bronzanog i poчetka gvozdenog doba na Balkanskom poluostrovu, *Старинар LIX,* 89 – 108

**Bulatović A., 2011**. Карактеристичне керамичке форме на централном Балкану и северној Егеји у позно бронзано доба, *Старинар LXI,* 121-140

**Bulatović A., 2018**. New absolute dates as a contribution to the study of the late Bronze Age chronology in the central Balkans, *Glasnik Srpskog arheološkog društva 34*, Belgrade, 121-132.

**Vasić, R., 2010**. Cremation burials in the Morava valley between 1300 and 750 BC, *Cremation burials in the region between the Middle Danube and the Aegean,1300–750 BC*, Vienna, 173-184

**Trbuhović V., Trbuhović L.,** 1970. Donja Toponica, dardanska i slovenska nekropola, Beograd, Prokuplje, 13–42

**Gimbutas M., 1965.** BRONZE AGE CULTURES IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE, Hague, 296

**Garašanin M., 1983**. Grupa Donja Brnjica - *Gonja Strazava, Praistorija jugoslavenskih zemalja IV*, Sarajevo, 773-778. Сарајево

**Garašanin M., 1988**. Nastanak i poreklo Ilira, *Iliri i Albanci*, Beograd

**Георгиев З., 1983/84**. Рачно изработена керамика од долноповардарските некрополи *Macedoniae Acta Archaeologica 9,* Скопје

Група автори *Археолошка карта на Косово 1,* Приштина, 2006

Група автори *Археолошка карта на Косово 2,* Приштина, 2012

Група автори *Археолошка карта на Косово 3,* Приштина, 2017

Група автори *Дарданија 3,* Приштина, 2021

**Јовчевска Т., 2008**. Манастир, Некропола од преодниот период од доцно бронзено во железно време, Велес

**Djurić, N., 1984**. Bronzanodobski nalaz iz Iglareva, *GMKM, XIII-XIV,* Приштина

**Gjorgjievski, D., 2012.** Cultural stratigraphy of the site Gradište near Pelince, Republic of Macedonia, *Glasnik Srpskog arheološkog društva 28*. Belgrade

**Јевтић М., 1990**. Праисторијска некропола у Пироту. Прилог познавању Брњичке групе, *Гласник САД 6,* 92-102

**Krstić Д., 1992.** Praistorijske nekropole u Gornjoj Stražavi, *Zbornik Muzeja Beograd XIV-1*, Arheologija, 231–245

**Luci K., 1997.** Relations between Kosovo and Mycenae During the Bronze Age, Macedonia and the Neighboring Regions from 3rd to 1st Millennium BC, *International Symposium in Struga 1997*. Skopje, 92–99

**Лазић М., 1996**. Култура Доња Брњица – генеза, развој и хронологија, Докторска дисертација, Универзитет у Београду, 1996

**Љуци К., 1984**. Нова група гробова на праисторијској некрополи у Доњој Брњици, *Glasnik Muzeja Kosova i Metohije XII I- XIV*, Priština, 30-56

**Luci K., Alaj P., 2013**. Periudha Hekurit, *Katalogu arkeologjik i Kosovës*, Prishtinë.

**Luci К., 2004**. Dating the Donja Brnjica Culture Based on Metal finds, The Struma River Valley in Prehistory, Sofia 2007

**Luci К., 1998**. Бронзанодоба. *Археолошкоблаго Косоваи Метохије: Од неолита до раног средњегвека*. Београд, 116–146

**Mehmetaj H., 1993**. Praistorijska nekropola u Graštici, *Glasnik Društva Konzervatora Srbije 17*. 51–54

**Mehmetaj H., 1995**. Trashigimi etnokulturore dhe historike e Llapit. Prishtinë, 50-60

**Митревски Д., 1994**. A Brnjica Type Necropolis near Skopje, *Starinar XLIII-XLIV*, Beograd 1994

**Митревски Д., 1995**. Праисториската некропола „Клучка–Хиподром“ кај Скопје, *Зборник Археологиј 1*.Скопје, 61-89

**Митревски, Д., 1995-а**. Првите етнички заедници во Македонија според начинот на погребување и погребните обичаи, *Цивилизации на почвата на Македонија 2*. Скопје, 57–66

**Митревски Д., 1997**. Протоисториските заедници во Македонија. Скопје, 19-70

**Митревски, Д., 2003**. Од Јужна Морава до Вардар: археолошки параметри за бронзеното и за железното време, *Пирајхме 2*. Куманово 1–30

**Митревски Д., 2013**. Праисторија на Република Македонија, *Македонија-милениумски културно историски факти, Кн.1*, Скопје, 83-266

**Митревски Д., 2019**. Скопје – Скопскиот регион во праисторијата / *Осум милениуми живот, култура, творештво*, Скопје, 80-88

**Митревски Д., 2019-а**. Гробовите од железното време под Римскиот театар во Скупи, *Римски театар Скупи*, 147-157

**Митревски Д., 2021** На север од егејскиот свет, Скопје

**Srejović D., 1959/60**. Praistorijska nekropola u Donjoj Brnjici, *Glasnik Muzeja Kosova i Metohije IV/V,* Priština, 83–136

**Srejović D., 1973**. Karagač and the problem of the ethno genesis of the Dardanians, *Balcanica IV*, Belgrade, 39-82

**Stojić M., 1997**. Les caractéristiques principales de la culture triballe, Reports of the 7th international Congres of tracology, Constanta, 1997, *The Tracian world at the crossroads of civilisation I*, Bucharest

**Stojić M., 2000**, The Brnjica cultural group in the south Morava basin, *Старинар L,* Belgrade

**Stojić M., 2006a**. Ferrous Metallurgy center of the Brnjica cultural group (14th-13th centuries BC) at the Hisar site in Leskovac, *Metalurgija – Journal of Metallurgy, 12/2-3*, 105-110

**Stojič, M., 2006**. Regional characteristics of the Brnjica cultural group, *Starinar, Issue 56*, Belgrade, 73-84

**Falkenstein, 2008**. The Development of Burial Rites from the Tumulus to the Urnfield Culture in Southern Central Europe, Ancestral Landscape. *Burial mounds in the Copper and Bronze Ages,* Udine, 329-340

**Цветковиќ Томашевиќ Г., 1983.** Ulpijana, arheološka iskopavanja u središtu i južnum delu antićkog grada, *Saopštenja XV,* Београд, 67-94

**Папазовска А., 2008-10**. Мали Дол – праисториска некропола кај селото Тремник, *Macedoniae acta archaeological 21,* Скопје

**Папазовска А., 2018**. Некрополите на Мали Дол. Неготино

**Тасић Н. 2001.,** Брњичка култура – њени претходници и наследници, *Лесковачки зборник XLI, Лесковац,* 9-14

**Tasić, N. 1997.,** Prehistoric southeastern Europe in the works of Dragoslav Srejović, *Balcanica XXVIII,* Belgrade, 7-14

**Тасић, Н. 1999**., Гвоздено доба. У Археолошко благо Косова и Метохије, Приштина, 148–225

**Филиповић В., 2015**. Наоружање и ратничка опрема у културама позног бронзаног доба на територији Србије, Македоније, Црне Горе и Албаније, докторска дисртација, Универзитет у Београду, 2015

**Zharku A., 1985**. Kultura Ilire e Tumave në Pellgun e Korçës, Tiranë

**Папазовска А., 2015**. Рано железно време во Република Македонија – докторска дисертација, Скопје

**Snodgrass A. M., 1971**. The Dark Age of Greece, Edinburgh

**Mikulćić I., 1966**. Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, Skopje –Beograd

**Јованова Л., 2015**. Некрополите на Скупи

**Taylor W. 1983**., The Mycenaeans, Thames and Hudson, London.

**Киро Р., 2016**. Железно време во Скопскиот регион, Скопје

**Трајковска Л., 1994.** Археолошки истражувања на праисториски наоѓалишта во Куманово од неолит до железно време, *Музејски гласник 1*, Куманово, 5–19

**Станковски Ј., 2006**. Тумулот II на локалитетот Долинац с. Стрновац, Старо Нагоричане, *Macedoniae acta archaeologica 17*, Скопје, 92–114

**Станковски Ј., 2008**. Тумул I од тумуларната некропола кај село Стрновац, општина Старо Нагоричане, *Macedoniae acta archaeologica 18*, Скопје, 135–152

**Savopoulou Th., 1988**. An early Iron Age cemetery at Palio Gynaikokastro of Kilkis, *AEM0 1*, Thessaloniki 1988, 306-312

**Stefanovich M., Bankoff H., 1998**. Kamenska Čuka 1993–1995, Preliminary report, *The Steps of James Harvey Gaul, Volume I,* Sofia

**Јевтић М., 2021.** Праисторијска некропола у Пироту. Прилог познавању брњичке групе, Гласник САД 6: 92–103 2021

**Garašanin, D., 1967.** Periodizacja bronzanog doba Srbje, Materjali IV sa VIII Kongresa arheologa Jugoslavje održanog u Herceg Novom 1966. Godine

**Vasić, R., 1997.** Bronzano doba, U: Arheološki leksikon, priredio D. Srejović, Savremena administracja, Beograd